Konrad Adenauer Stiftung



Цане Т. МОЈАНОСКИ
Марјан ЃУРОВСКИ

# ИНДЕКС НА БЕЗБЕДНОСТ

Konrad
Adenauer
Stiftung

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"
ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ – СКОПЈЕ
ФОНДАЦИЈА КОНРАД АДЕНАУЕР – СКОПЈЕ

**Цане Т. Мојаноски**
**Марјан Ѓуровски**

# ИНДЕКС НА БЕЗБЕДНОСТ

СКОПЈЕ, 2018 ГОДИНА

# ИМПРЕСУМ

**Наслов:**
Индекс на безбедност

**Издавачи:**
Фондација Конрад Аденауер во Република Македонија
Факултет за безбедност – Скопје, Универзитет "Св,Климент Охридски"- Битола

**За издавачите:**
**Раководител Јоханес Д. Раи,** Раководител на Фондацијата Конрад Аденауер во РМ
**проф. д-р Никола Дујовски,** Декан на Факултетот за безбедност – Скопје

**Автори:**
д-р Цане Т.Мојановски
д-р Марјан Ѓуровски

**Координација:**
Даниела Поповска
Билјана Црвенова

**Рецензенти:**
Проф. д- р Томе Батковски
Проф. д-р Неџад Корајлиќ

**Лектор:**
Ивана Коцевска

**Дизајн и печат:**
Винсент Графика ДОО Скопје

**Тираж:**
100 примероци

**Книгата може бесплатно да се превземе на:**
http://www.kas.de/mazedonien/en/

**Напомена:**
Ставовите изнесени во книгата не се ставови на Фондацијата Конрад Аденауер, туку се лични гледишта на авторите.

Со одлука 08-614/9 од 29.06.2018 година на Наставно-стручниот совет на Факултетот за безбедност – Скопје при Универзитетот "Св.Климент Охридски" – Битола, се одобрува печатење на книгата како МОНОГРАФИЈА согласно рецензиите објавени во Билтенот на УКЛО - Битола бр.442 од 01.06.2018 година. Сите права се заштитени.

# СОДРЖИНА

**ВОВЕД ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО – ИЗБОР НА ИНДЕКСИТЕ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО..................15**

Индикатори за мерење на безбедноста во Република Македонија (Индекс)..............................18

Што се подразбира под поимот „индекс"?......................19

Потребата од Индексот.............................................20

Кому му е наменетет Индексот?..................................21

Начин на истражување (методолошки пристап)............22

Карактеристики на истражувачките активности............22

Истражувачки постапки и техники...............................23

Некои карактеристики на мерните скали употребени во истражувањето....................................26

Карактеристики на примерокот...................................31

**ГРАЃАНИТЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТА БЕЗБЕДНОСТА....43**

Основни карактеристики на перцепциите на граѓаните според националната припадност..................81

**ВИДОВИ ИНДЕКСИ ЗА БЕЗБЕДНОСТА................93**

Индекс на воена безбедност......................................98

Индекс на регионална безбедност.............................102

Индекс на економска безбедност..............................104

Индекс на политичка безбедност..............................106

Индекс на еколошка безбедност...............................108

Индекс на лична безбедност.....................................109

Индекс на добро владеење........................................110

Индекс на социетална безбедност.............................112

Индекс на државна безбедност.................................117

Индекс на безбедност...............................................118

**ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ....123**

**БИБЛИОГРАФИЈА............................................127**

## ГРАФИКОНИ

**Графикон број 1.** Испитаници според планскиот регион....................................................................34

**Графикон број 2.** Приказ на испитаници според полот...35

**Графикон број 3.** Испитаници според возраста............36

**Графикон број 4.** Испитаници според националност......37

**Графикон број 5.** Испитаници според вероисповед.......38

**Графикон број 6.** Степен на образование....................40

**Графикон број 7.** Во која мерка, според Вашето мислење безбедноста во Македонија е загрозена?........45

**Графикон број 8.** Дали се чувствувате безбеден/на во средината во која живеете и работите?....................47

**Графикон број 9.** Кој од државните органи најмногу придонесува кон Вашето чувство за безбедност?.........49

**Графикон број 10.** Кој од државните органи најмногу влијае врз Вашето чувство за небезбедност?................51

**Графикон број 11.** Оценете ја работата на следните институции во областа на безбедноста?..........53

**Графикон број 12.** Според Вас кој најдобро ќе ја заштити безбедноста на Вас и Вашето семејство?..........55

**Графикон број 13.** Доколку имате проблем за решавање, кому најпрво, ќе се обратите?......................56

**Графикон број 14.** Ве молиме, оценете во која мерка се чувствувате безбедно - 1) Вие, кога е во прашање Вашата физичка безбедност..........................59

**Графикон број 15.** Ве молиме, оценете во која мерка се чувствувате безбедно - 2) Во својата куќа/стан...........60

**Графикон број 16.** Ве молиме, оценете во која мерка се чувствувате безбедно - 3) Во областа/местото во кое живеете..........................................................61

**Графикон број 17.** Ве молиме, оценете во која мерка се чувствувате безбедно - 4) Во државата во која живеете................................62

**Графикон број 18.** Кој може (и колку) одвнатре да ја загрози безбедноста на Македонија - 10) Нивото на демократија.....................................................64

**Графикон број 19.** Кој може (и колку) одвнатре да ја загрози безбедноста на Македонија - 9) Сиромаштијата.............................................................65

**Графикон број 20.** Кој може (и колку) одвнатре да ја загрози безбедноста на Македонија - 8) Невработеноста............................................................67

**Графикон број 21.** Кој може (и колку) одвнатре да ја загрози безбедноста на Македонија - 7) Приватизација на безбедноста......................................68

**Графикон број 22.** Кој може (и колку) одвнатре да ја загрози безбедноста на Македонија - 6) Локален тероризам и вооружен бунт во земјата..........70

**Графикон број 23.** Кој може (и колку) одвнатре да ја загрози безбедноста на Македонија - 5) Насилно симнување на демократската власт............72

**Графикон број 24.** Кој може (и колку) одвнатре да ја загрози безбедноста на Македонија - 4) Финансиска презадолженост на Македонија...............73

**Графикон број 25.** Кој може (и колку) одвнатре да ја загрози безбедноста на Македонија - 3) Социјалните потреси и штрајкови................................75

**Графикон број 26.** Кој може (и колку) одвнатре да ја загрози безбедноста на Македонија - 2) Пораст на политичките напнатости во национално мешаните средини....................................76

**Графикон број 27.** Кој може (и колку) одвнатре да ја загрози безбедноста на Македонија - 1) Отцепување на Западна Македонија.........................77

**Графикон број 28.** Оценете дали некои од следните ситуации може (и колку) одвнатре да ја загрози безбедноста безбедноста на Македонија?.........79

**Графикон број 29.** Индекс на безбедност по видови и вкупно..............................................................97

## ТАБЕЛИ

**Табела број 1.** Кронбаховиот алфа коефициент за прашањата 16, 23, 26, 32 и 22............................29

**Табела број 2.** Според Вас, дали и колку вработувањето на некого од наведениве понуди, во некоја од безбедносните институции, ќе придонесе за Вашата безбедност? – Inter-Item Correlation Matrix........30

**Табела број 3.** KMO and Bartlett's Test по прашања.......31

**Табела број 4.** Испитаници според планскиот регион.....33

**Табела број 5.** Испитаници според местото на живеење....34

**Табела број 6.** Испитаници според полот......................35

**Табела број 7.** Возраст на испитаниците.......................36

**Табела број 8.** Испитаници според националност..........37

**Табела број 9.** Испитаници според вероисповед............38

**Табела број 10.** Степен на образование.......................39

**Табела број 11.** Испитаници според работниот статус....40

**Табела број 12.** Испитаници според просечниот личен доход (плата)................................................41

**Табела број 13.** Во која мерка, според Вашето мислење, безбедноста во Македонија е загрозена?.........45

**Табела број 14.** Дали се чувствувате безбеден/на во средината во која живеете и работите?......................46

**Табела број 15.** Доколку се чувствувате безбедно, што најмногу придонесува така да се чувствувате?........48

**Табела број 16.** Кој од државните органи најмногу придонесува кон Вашето чувство за безбедност?...........49

**Табела број 17.** Кој од државните органи најмногу влијае врз Вашето чувство за небезбедност?................50

**Табела број 18.** Оценете ја работата на следните институции во областа на безбедноста.......................53

**Табела број 19.** Според Вас, кој најдобро ќе ја заштити безбедноста на Вас и Вашето семејство?..........54

**Табела број 20.** Доколку имате проблем за решавање, кому, најпрво, ќе се обратите?....................56

**Табела број 21.** Според Ваше мислење, кој од следните облици влијае врз чувството на загрозеност, што е главната причина поради која така се чувствувате?..57

**Табела број 22.** Ве молиме, оценете во која мерка се чувствувате безбедно - 1) Вие, кога е во прашање Вашата физичка безбедност.........................58

**Табела број 23.** Ве молиме, оценете во која мерка се чувствувате безбедно - 2) Во својата куќа/стан........60

**Табела број 24.** Ве молиме, оценете во која мерка се чувствувате безбедно - 3) Во областа/местото во кое живеете..................................................61

**Табела број 25.** Ве молиме, оценете во која мерка се чувствувате безбедно - 4) Во државата во која живеете..................................................62

**Табела број 26.** Кој може (и колку) одвнатре да ја загрози безбедноста на Македонија - 10) Нивото на демократија.........................................63

**Табела број 27.** Кој може (и колку) одвнатре да ја загрози безбедноста на Македонија - 9) Сиромаштијата..................................................65

**Табела број 28.** Кој може (и колку) одвнатре да ја загрози безбедноста на Македонија - 8) Невработеноста..............................................67

**Табела број 29.** Кој може (и колку) одвнатре да ја загрози безбедноста на Македонија - 7) Приватизација на безбедноста............................68

**Табела број 30.** Кој може (и колку) одвнатре да ја загрози безбедноста на Македонија - 6) Локален тероризам и вооружен бунт во земјата.........70

**Табела број 31.** Кој може (и колку) одвнатре да ја загрози безбедноста на Македонија - 5) Насилно симнување на демократската власт...........72

**Табела број 32.** Кој може (и колку) одвнатре да ја загрози безбедноста на Македонија - 4) Финансиска презадолженост на Македонија...........73

**Табела број 33.** Кој може (и колку) одвнатре да ја загрози безбедноста на Македонија - 3) Социјалните потреси и штрајкови............................75

**Табела број 34.** Кој може (и колку) одвнатре да ја загрози безбедноста на Македонија - 2) Пораст на политичките напнатости во национално мешаните средини..............................76

**Табела број 35.** Кој може (и колку) одвнатре да ја загрози безбедноста на Македонија - 1) Отцепување на Западна Македонија..........................77

**Табела број 36.** Оценете дали некои од следните ситуации може (и колку) одвнатре да ја загрози безбедноста на Македонија?.........................................78

**Табела број 37.** Национална припадност (во три групи)..........................................................81

**Табела број 38.** Дали се чувствувате безбеден/на во средината во која живеете и работите? * Националност (три групи)..................................82

**Табела број 39.** Chi-Square Tests...............................83

**Табела број 40.** KMO and Bartlett's Test по национални групи.....................................................86

**Табела број 41.** Карактеристични корени (Lambda) и процент на вкупно објаснетата варијанса - Total Variance Explained............................87

**Табела број 42.** Матрица со ротационите компоненти Varimax ротација....................................88

**Табела број 43.** Корелациона матрица за интеракциите меѓу факторите...................................91

**Табела број 44.** Индекс на безбедност по видови и вкупно.................................................96

# ПРЕДГОВОР

Појавата на ова научно истражување е продукт од воспоставената соработка меѓу Факултетот за безбедност – Скопје и Фондацијата Конрад Аденауер – Претставништво во Скопје.

Идејата, обидот и пристапот да се конструира Индекс на безбедност е предизвик на авторскиот тим да понуди синтетички показател кој во себе ќе обединува значаен број на индикатори кои ќе можат да индицираат или да поттикнуваат изведување заклучоци, дефинирање политики или преземање конкретни акции во сферата на безбедноста. Индексот се концепира како дополнителна алатка во градењето на безбедносните политики, како показател кој ќе биде во функција на раното предупредување и ќе упатува на организирана, а таму каде нормативниот поредок го дозволува и бара, на здружена и координирана акција на субјектите во елиминирањето на предизвиците, ризиците и заканите по безбедноста.

Конципирањето на Индексот на безбедност, во оваа прелиминарна фаза, отвори значителен број на прашања и дилеми. Тие *groso modo* можат да се групираат во неколку групи:

а) прашања и дилеми поврзани со теориските и концепциските разлики во восприемањето на безбедноста и оттаму тешкотиите во определувањето на поимот безбедност, определувањето на структурата и индикаторската рамка на тој поим;
б) прашања поврзани со методолошкиот пристап посебно околу примената на аналитички и истражувачки постапки кои ќе ја објективизираат и јасно определуваат содржината на синтетичкиот показател;
в) прашањата со изборите на податоците, нивната отвореност, достапност, релијабилност и употребливост.

Токму затоа, авторскиот тим пред себе постави неколку цели:

а) да изработи пилот-истражувачки зафати во кои ќе понуди можен пристап и одговор на определувањето на поимот безбедност;

б) ќе понуди индикаторска рамка врз основа на која ќе се гради евиденција со примена на квантитативен и квалитативен истражувачки дизајн, и

в) ќе поттикне активности за подобрување на материјалните ресурси и кадровските капацитети, односно да се создаде оптимална временска рамка во која организациски (преку ангажирање на други експерти и истражувачи), материјално (преку поттикнување и организирање на јавно достапни бази) и преку набавка на софтверска поддршка и обука за истата да се создаде основа за градењето на Индексот како трајна активност.

Понудената содржина во ова издание е почетниот продукт, кој не само поради просторот, туку и поради времето кое го имаше авторскиот тим на располагање, е прелиминарен концепт кој нуди определени сознанија и отвора значителен број на прашања и дилеми. По завршувањето на втората прелиминарна фаза, до крајот на 2018 година, во која ќе бидат применети инструменти за собирање податоци кои им припаѓаат на методолошките постапки од квалитативниот дизајн, се очекува поцелосно и појасно да се исцртаат димензиите на истражуваниот проблем и појасно да се определи индикаторската рамка и структурата на Индексот.

Истражувачкиот тим очекува и со особена почит ќе се однесува кон коментарите, оценките и идеите за конструирањето на Индексот за безбедност и ќе се обиде во натамошната постапка да ги извлече оптималните решенија, кои ќе бидат во функција на изградба на истражу-

вачка алатка за мерење на нивото на безбедност во земјата, која ќе има функција на поттикнувач на сложениот безбедносен комплекс на активности, кои ќе значат идентификување, превенирање и решавање на безбедносните проблеми и кој ќе обезбеди претпоставки за споредување и рангирање како на субјектите во рамките на безбедносниот систем, така и на државите меѓу себе.

Во таа насока, Индексот за безбедност е проекција и алатка за синтетизирање на една сложена појава како што е безбедноста. Се надеваме дека овој напор ќе биде мал прилог во дебатата за неа.

На крај, на директорот на Фондацијата Конрад Аденауер, Јоханес Раи, и на неговите соработници во Претставништвото во Република Македонија им искажуваме благодарност за континуираната поддршка. Воедно на Деканатската управа на Факултетот за безбедност – Скопје и на рецензентите проф. д-р Томе Батковски од Факултетот за безбедност – Скопје и проф. д-р Неџат Корајлиќ од Факултетот за криминалистика, криминологија и безбедносни студии при Универзитетот во Сараево им благодариме за донесените одлуки и позитивните рецензии.

Скопје, 2018 година

д-р Цане Т. Мојаноски
д-р Марјан Ѓуровски

# ВОВЕД ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО

## –ИЗБОР НА ИНДЕКСИТЕ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО–

Изборот на индексите во безбедносното истражување претставува креативна и умствена активност со настојување појавите типолошки да се средат и да се мерат. Индексите се издвојување и создавање комбинација која најдобро одговара на природата на појавите. Кога станува збор за објективни индикатори, кои можат да се мерат, изборот на комбинацијата е олеснет и тој релативно точно го изразува односот на состојките на појавата и нивните врски. Меѓутоа, кога станува збор за психолошката страна на појавите и субјективните индикатори, тогаш работата е потешка, сложена, а понекогаш и е неможно да се утврдат. Тоа е така затоа што комбинирањето на индикаторите во индекси никогаш не значи, ниту, пак, може однапред да гарантира, или да влева сигурност за тоа кој индикатор повеќе и подобро ја изразува суштината на појавата. Затоа, се предлага наместо педантен избор на индикаторите да се остави можност за нивно различно поврзување, така што тие можат и да се менуваат. Токму таквиот пристап овозможил Пол Лазарсфелд да ја постави таканаречената „доктрина за заменливоста на индексите" (Lazarsfeld & Rosenberg, 1955, стр. 22), односно за комбинациите на индикаторите. Оваа доктрина се засновува врз индикаторите кои се излачени од прашалникот, ставовите на испитаниците, а истовремено и врз стабилниот однос меѓу можните показатели кои најдобро ја репрезентираат некоја појава. На пример, односот меѓу општествените слоеви и нивните политички ставови е релативно ист, без оглед на тоа кои индикатори се избрани: приходот, образованието, имотната состојба.

Конкретното определување на предметот во истражувањето претпоставува адекватен број и видови варијабли, индикатори и индекси. Основната задача на операционализацијата е аналитички да ја разложи појавата на нејзините состојки и за секоја од нив да определи содржина на симболот што се однесува на некој знак. Ако се има предвид повеќестраноста, сложеноста, опширноста и не-

доволната видливост на состојбите на свеста кои учествуваат во безбедносните појави, операционализацијата е вид типолошко и мерно изразување таму каде што тоа е можно и секогаш претставува одбран образец во кој тоа типолошко и мерно изразување се спроведува. Обидот тоа да се направи претставува создавање на споменатите знаци, од кои  најзначајни се варијаблите.

## ИНДИКАТОРИ ЗА МЕРЕЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (ИНДЕКС)

Основна цел на оваа истражувачка задача е да придонесе кон општите напори на организираната заедница да ги јакне капацитетите за одржување и подобрување на стабилната безбедносна ситуација во Република Македонија. Во градењето на индикаторите за мерење на безбедноста во Република Македонија се преземаат определен број   активности кои се во функција на идентификација на показателите и утврдување на можностите за мерење на состојбите, како и на идентификување на подрачјата во кои ќе треба да се вложи дополнителна активност за остварување на поставената цел. За таа цел, неопходна е соработка и содејство со институциите, како што се Претседател, Собрание, Влада и министерства, одделно за одделни прашања, потоа професионални здруженија и здруженија на граѓани, а во тој контекст и одделни поединци, чие знаење и искуство е од особено значење.

Покрај наведеното, изработката на Индексот треба да им помогне на субјектите, посебно на субјектите на безбедноста во градењето на оценката за безбедноста на Република Македонија на тој начин што тие ќе можат:

» да ја препознаат својата одговорност и улога во процесот на обезбедување претпоставки за безбедноста на земјата;

- на ефикасен и разбирлив начин да извршат процена за оствареноста на стандардите за процена на безбедносната ситуација, во согласност со сопствената положба и во рамките на својата одговорност;
- врз основа на резултатите од процената на Индексот на безбедност да ги планираат наредните задачи и да преземаат мерки за нивно остварување.

## ШТО СЕ ПОДРАЗБИРА ПОД ПОИМОТ „ИНДЕКС"?

Индексот е инструмент за процена на нивото на безбедност во Република Македонија. Тој Индекс содржи листа на стандарди и мерки кои треба да се постигнати и да се спроведени со цел да се обезбеди јасна претстава (оценка) за степенот на стабилноста на состојбата во Република Македонија. Значи, треба да се идентификуваат определен број стандарди и мерки кои се јавно достапни и препознатливи, кои се неопходни за градење  оценка за степенот на безбедноста во земјата, со обид да се систематизираат и да се направат прегледни, за да можат корисниците на Индексот, но и носителите на одговорните должности,  на ефикасен начин да вршат процена на оствареноста на определени идентификувани стандарди и во делокругот на надлежностите на работењето да имаат јасна претстава за тоа што е потребно да се преземе за да се задржи, да се подобри или да се унапреди безбедносната состојба во земјата.

Индексот може да се набљудува и како инструмент за самовреднување и унапредување на процената на безбедноста во земјата. Тој е наменет за самопроцена, планирање, реализирање, следење и поттикнување активности за подобрување и зголемување на нивото на безбедност. Тој треба да се набљудува првенствено како алатка која ќе им биде од полза на сите актери на образовниот систем,

кој им помага за да се набљудува процесот на градење на безбедноста во рамките на надлежностите на државните и други одговорни органи. Тој треба и да помогне да се разбере и да се унапреди концептот на безбедносната процена и да се гради систем на индикатори кои упатуваат на конкретни работи кои се важни за набљудување во однос на стандардите кои се во областа или можат да се конструираат. Индексот е така осмислен за да му овозможи на корисникот подобро да ги разбере сложените општествени, правни, економски и безбедносни стандарди и да упати на клучните информации за кои е важно да се собираат податоци и да се набљудуваат во процесот на процената на безбедноста во Република Македонија.

## ПОТРЕБАТА ОД ИНДЕКСОТ

Потребата за изработка на ваков инструмент произлегува од остварените истражувачки резултати на Факултетот за безбедност во Скопје и континуираното следење на сложените безбедносни процеси во Република Македонија во изминатиот четиридецениски раст на оваа институција. Тие согледувања упатуваат на можните констатации:

- » дека во државата не е воспоставен механизам за градење на политичко-безбедносна процена и дека во системот на поделба на власта одделните државни органи имаат нагласена улога на самостојност, без јасно видливи облици на координација и синхронизирана активност;
- » нема поцелосна (или јавно соопштена) анализа за функционалноста, ефектите и постигањата на органите во остварувањето на безбедносната процена и во преземањето на организирани и синхронизирани активности во справувањето со безбедносните ризици и закани;
- » дека во образовните институции и другите тренинг центри прашањето со оспособување кадри за изра-

ботка на политичко-безбедносни процени изостанува, е недоволно актуализирано и не се води систематска грижа и унапредување на искуствата.

Изработката на Индексот на безбедност треба да е идејната матица околу која ќе се концентрираат истражувачките и аналитичките капацитети на Факултетот за безбедност во Скопје, за продлабочено трагање по новите содржини и примена на практики на изработка на процени за безбедносните закани и ризици и ќе придонесе за унапредување на образовната и истражувачката практика воопшто. Воедно, овој проект е целосно поддржан од Фондацијата Конрад Аденауер која овозможи негово публикување и давање на увид на јавноста.

## КОМУ МУ Е НАМЕНЕТЕТ ИНДЕКСОТ?

Индексот е наменет за субјектите на безбедносниот систем и самите граѓани. Тоа значи дека во процесот на процената за оствареноста на стандардите во остварување на безбедносните цели на заедницата треба да учествуваат поединци, групи и институции кои во тој процес имаат функции и задачи. Тоа значи дека креаторите на безбедносните политики и субјектите можат да учествуваат во посочувањето на индикаторите неопходни за засновање јасна претстава за степенот на безбедносната процена.

**Носители** на процесот на процена за оствареноста на стандардите на безбедносната подготвеност на институциите можат да бидат и доминантно ќе бидат надлежните државни институции и индикаторскиот сет на податоци кои се достапни и во согласност со позитивните прописи обезбедуваат непречено следење и проценување на состојбите. Втората група се однесува на процените што ќе ги извршуваат лица кои имаат значајно практично и рако-

водно искуство во органите на безбедноста и се способни да ги идентификуваат основните безбедносни предизвици и закани како такви.

Индексот е наменет за институциите на Република Македонија, дипломатските претставници, дипломатите и за студентите на Факултетот за безбедност, кој како истражувачка задача ќе претставува можност и содржина за практикување на задачите од областа на градењето на безбедносните политики во земјата. Треба да очекуваме дека Индексот ќе биде од интерес на градењето на политиките на Владата и ресорните органи од областа на одбраната и внатрешните органи, како и за работата на другите органи од областа на разузнавањето, контраразузнавањето и агенциите чија задача е заштита и справување со ризиците во земјата.

## НАЧИН НА ИСТРАЖУВАЊЕ (МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП)

Индексот на безбедноста:

а) се потпира на сеопфатна рамка на безбедноста;

б) ја истакнува разликата во достапноста на подато циte за идентификување на можните индикатори на безбедност и укажува на потребата од усогласени, споредливи и сигурни податоци кои се однесуваат на безбедноста и градењето оценки за неа;

в) е наменет за користење за поддршка на политиките на безбедност во земјата.

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА ИСТРАЖУВАЧКИТЕ АКТИВНОСТИ

Од методолошка гледна точка, значајно при истражувањето и разработката на материјата претставува утврдувањето (анализата) на состојбата, ефикасноста, оправда-

носта, транспарентноста, поставеноста, меѓусебната координација и соработка на субјектите на безбедноста. Според тоа, методолошката рамка ја детерминираат дескриптивниот и структуралниот карактер на истражувањето. Главната определба на истражувањето е стекнување на непосредни сознанија, перцепции на граѓаните за одделни безбедносни состојби и предизвици на Република Македонија.

Во ова истражување, соодветно на начинот на прибирање извори за анализа, како и природата на самиот предмет на истражување, беа користени следните општи истражувачки методи: *аналитичко-синтетички, индуктивно-дедуктивен и статистичкиот метод.*

» **Аналитичко-синтетички** метод – како почетна и основна логичко-методолошка постапка со цел мисловно теориско и практично раздвојување или концентрирање на предметот на истражување и неговите составни делови;
» **Индуктивно-дедуктивен** метод – како најопшт пристап во извлекувањето на заклучоците;
» **Статистички** метод – преку анализа и интерпретација на истражувачките резултати, добиени со анкетата како мерен инструмент во испитувањето на безбедносните ставови, квантитативно да се истражи безбедноста како масовна појава. Се направи споредба помеѓу различните форми на анкетирање кои се применуваа и во безбедносните истражувања.

## ИСТРАЖУВАЧКИ ПОСТАПКИ И ТЕХНИКИ

Во истражувањето на општествените, па оттаму и на безбедносните појави како нивен составен дел, постојат бројни дебати околу оправданоста на квантитативната постапка, не само поради тоа што станува збор за особено сложени појави, туку и поради опасноста процесот на

квантификацијата да добие карактер на сувопарен емпиризам, без согледување на останатите содржини што низ една продлабочена теориско-епистемиолошка процена и анализа би ги имале. Токму затоа и денес не е ретко да се сретнат укажувањата дека познавањето на определена аналитичка алатка, или користењето на некој инструмент (софтверско решение, на пример, SPSS или PSPP) не е одговор, или пристап кој нуди одговор на поставените прашања, посебно на неможноста да се трага по солидни одговори на сложените теориско-епистемиолошки проблеми на безбедноста. Несомнено е дека истражувањето на безбедносната политика, ризиците и заканите по безбедноста, а особено на нејзиното истражување преку ставовите на граѓаните, не може да ги отвори и да ги одгатне сите загатки, недоречени и недовршени дебати за поимот безбедност и неговите феноменолошки карактеристики, туку истражувањето е само еден емпириски пресек на ставовите и можност за зајакнување на индикаторската основа во градењето на тврдењата за објаснувањето на заканите по безбедноста, а низ сложената аналитичка постапка и на натамошното развивање на ставовите за факторите на креирање на безбедносната политика. Имајќи предвид дека прашањето за истражувањето на безбедноста, на ставовите на граѓаните, временски е определено, тоа нема амбиција да ги одговори сите прашања, туку да отвори еден поглед, да понуди емпириски материјал, кој низ критичка анализа и нивно имплементирање во научниот фонд ќе придонесува во зајакнувањето на научно-проверливите тврдења и ставови и во тој контекст е обидот да се понудат конструктивни модели кои ќе бидат во функција на унапредувањето на безбедносната практика. Науката по дефиниција е антимонополска дејност, таа е пропулзивна за ставовите и гледиштата кои ќе ја издржат теориско-емпириската валидизација на секој податок и тврдење. Со надеж дека истражувачките резултати се скромен придонес во тој општ напор, преку оваа расправа, на научната, стручната и другата љубопит-

на јавност ѝ се нудат сознанија за поттик за плодна научна дебата, но и основа за натамошна надградба на научните и истражувачките пристапи во креирањето на безбедносната политика, посебно во градењето конструкти, инструменти и модели кои ќе ја унапредуваат практиката и ќе бидат во контекстот на поставување соодветен безбедносен концепт во Република Македонија.

Во истражувањето е применето индивидуално интервју. Станува збор за насочено и структурирано интервју, кое во облик на социодемографска анкета е пополнувано од страна на стручен соработник-интервјуер.

Во вториот дел од проектот, како дел од истражувањето, кој  очекуваме да се реализира до крајот на годинава, во основа ќе бидат применети квалитативни постапки во кои ќе се примени Делфи методот, фокус групите, слободно и насочено интервју, како и други аналитички постапки кои ќе нè упатат во структурата на безбедноста како сложена општествена појава и ќе обезбедат да се изгради целосна претстава за моделот за пресметување на Индексот на  безбедност, како и за неговата примена. Во таа смисла, се очекуваат особено корисни и значајни сознанија кои ќе бидат плод на оценките, споредбата, но и дебатата што се отвора со поставувањето на прашањето за Индексот на безбедност.

За потребите на истражувањето беа изработени:

а) Основа за разговор: Мислењето на граѓаните за безбедноста и безбедносните закани на Република Македонија.
б) Анкетниот дневник, Аналитичката табела за обработка на податоците, Кодексот на шифри и Упатството за примена на Основата за разговор и обезбедувањето соговорник.

Основата за разговор беше наменета за испитување на ставовите на граѓаните.

Истражувањето се спроведе во периодот од 1 до 31.3.2018 година, на подрачјето на Република Македонија. За обработка на податоците беше изработен Кодекс на шифри (кодна листа) и во софтверскиот пакет *Excel* беше изработен Модел за компјутерска обработка на податоците од инструментите. Беше извршена обработка на податоци и шифрирање и внесување во сметачката машина – компјутер. Во собирањето и обработката на податоците беа ангажирани повеќе стручни соработници. Обработката и статистичките пресметки на истражувањето се извршени во софтверскиот статистички пакет *PSPP*.

## НЕКОИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА МЕРНИТЕ СКАЛИ УПОТРЕБЕНИ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО

За примената на определен број мултиваријантни постапки во обработката на податоците беше утврдуван и коефициентот на внатрешната согласност на варијаблите, оценките за мерење на степенот на безбедност. Тоа е степенот до кој вредностите што ја сочинуваат скалата се исти со мерките на атрибутот што му припаѓа на субјектот, т.е. до кој степен се меѓусебно поврзани. *Интерната конзистентност* претставува доследност во давањето одговори на поставени прашања, т.е. дали тие мерат иста единствена карактеристика. Инструментот е посигурен доколку одговорите на независните предмети корелирани меѓу себе се повисоки. За оценка на интерната конзистентност се користи **Кронбаховиот** *(Cronbach)* **алфа коефициент**. Вредноста се движи меѓу 0 и 1, при што блискоста кон 1 означува висока сигурност на инструментот. *Не постои согласување околу тоа што е минимална прифатливост на вредноста на алфа коефициентот*. По-

стои мислење дека 0,7 е минимално прифатливо ниво за интерна конзистентна сигурност, додека друго гледиште смета дека треба да се прифаќа вредност $a>0,5$ како индикатор за добра интерна сигурност. Како конвенција е ставот дека најниско прифатлива гранична вредност за алфа е 0,6. Постојат и построги критериуми за минимална вредност на коефициентот $a$ (на пример, во клиничките истражувања), што, исто така, зависи од видот на истражувањата и областа во која се применуваат.

Во инструментот беа дефинирани неколку батерии прашања на кои во форма на скала од Ликертов тип беа варирани оценките на испитаниците. Во продолжение се прикажани прашањата чии оценки се варирани. Имено, испитаниците на прашањето „Ве молиме, оценете во која мерка се чувствувате безбедно", на скала од Ликертов тип одговараа (се согласуваа) со оценки од „Мошне небезбедно" до „Целосно безбедно", ги оценуваа следните ситуации: 1) Вие, кога е во прашање Вашата физичка безбедност, 2) Во својата куќа/стан, 3) Во областа/местото во кое живеете, 4) Во државата во која живеете и 5) Во регионалното опкружување на Република Македонија.

Втората батерија беше составена од четири ставки. На прашањето: „22. Според Вас, дали и колку вработувањето на некого од наведениве понуди, во некоја од безбедносните институции, ќе придонесе за Вашата безбедност?", испитаниците оценува во распонот „Многу ќе ја загрози мојата безбедност" до „Многу ќе ја зголеми мојата безбедност". Ситуациите кои ги оценуваа беа следните: 1) Национални малцинства, 2) Жени, 3) Политичка припадност, и 4) Регионална застапеност. Третата батерија беа оценки за институциите. На прашањето „23. Оценете ја работата на следните институции во областа на безбедноста?", испитаниците оценува во размерот „Лошо" до „Одлично". Предмет на оценка беа следните институции: 1) Претсе-

дател на Република Македонија, 2) Собрание, 3) Влада, 4) Полиција, 5) Армија на Република Македонија, 6) Разузнавачки и контраразузнавачки служби, 7) Совет за национална безбедност, 8) Приватни компании за обезбедување, 9) Центар за управување со кризи, 10) Дирекција за заштита и спасување и 11) Судство.

Во третата батерија, на прашањето „26. Со кои средства би требало државата на која што ѝ припаѓате да се грижи за својата безбедност?", беше побарано од испитаниците да се определат за една од оценките во распонот од „Воопшто не се согласувам" до „Потполно се согласувам", за следните средства: 1) Со дипломатски средства (со добри дипломатски односи со другите држави и нации), 2) Со воени (вооружени) средства (со постоење на силна армија која може да интервенира кога треба), 3) Со зачленување во меѓународните безбедносни организации (на пример, во НАТО), 4) Со економски средства (со подобра економска соработка со други држави и нации), 5) Со построги закони и поголема дисциплина помеѓу граѓаните, 6) Зголемување на животниот стандард на граѓаните, 7) Поголема еколошка заштита и ригорозни казни за екозагадување и 8) На некој друг начин.

Со распонот на истите оценки во последната батерија на прашањето „32. Оценете дали некои од следните ситуации може (и колку) однатре да ја загрози безбедноста на Македонија?", беше побарано да го изразат степенот на согласување за следните ставови: 1) Отцепување на Западна Македонија, 2) Пораст на политичките напнатости во национално мешаните средини, 3) Социјалните потреси и штрајкови, 4) Финансиска презадолженост на Македонија, 5) Насилно симнување на демократската власт, 6) Локален тероризам и вооружен бунт во земјата, 7) Приватизација на безбедноста, 8) Невработеноста, 9) Сиромаштијата и 10) Нивото на демократија.

Зависно од природата и намената на скалата, се бараат различни нивоа на сигурност, обично не се прифаќа сигурност помала од 0,7. Кронбаховиот алфа коефициент се менува во зависност од бројот на вредностите на скалата. Така, за мал број вредности на скалата (помалку од 10), показателите на Кронбаховиот алфа коефициент, најчесто, се особено мали. Во такви случаи, се смета дека е подобро да се пресмета и во извештајот да се наведе средната вредност на корелацијата меѓу секој пар од вредностите. Оптималната средна вредност на корелацијата меѓу паровите на вредностите на скалата изнесува меѓу 0,2 и 0,4 (Мојаноски Ц. Т., 2015, стр. 41-42). Во следната табела се дадени прегледите на вредностите во **Reliability Statistics** и може да се констатира дека вредноста на Кронбаховиот алфа коефициент е над 0,8 (Willan & Briggs, 2006, стр. 158), (Bnggs & Cheek, 1986, стр. 106-148)

***Табела број 1. Кронбаховиот алфа коефициент за прашањата 16, 23, 26, 32 и 22***

| | **Прашања во прашалникот:** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **16** | **22** | **23** | **26** | **32** |
| Cronbach's Alpha | **0,851** | **0,751** | **0,917** | **0,767** | **0,901** |
| N of Items | 5 | 4 | 11 | 17 | 10 |

При пресметката на Кронбаховиот алфа коефицент, за секоја батерија посебно беше пресметувана вредноста на придонесот на секоја ставка во вкупниот коефициент. Може да констатираме дека во ниту една батерија немаше ситуација во која може да се констатира потреба од исклучување на некоја ставка. Секоја од нив, во рамките на одделното прашање, има соодветен и значаен придонес во вкупниот показател на Кронбаховиот алфа коефицент.

И заради укажувањето на вредностите од прашањето 22 каде се наведени четири ставки, како дополнителен

аргумент ќе биде корелационата матрица. Пресметката е дадена во следната Табела.

***Табела број 2. Според Вас, дали и колку вработувањето на некого од наведениве понуди, во некоја од безбедносните институции, ќе придонесе за Вашата безбедност? - Inter-Item Correlation Matrix***

| | 22.1 | 22.2 | 22.3 | 22.4 |
|---|---|---|---|---|
| 22.1 | 1,000 | | | |
| 22.2 | 0,569 | 1,000 | | |
| 22.3 | 0,377 | 0,372 | 1,000 | |
| 22.4 | 0,346 | 0,412 | 0,537 | 1,000 |

**Легенда**: 22.1 Национални малцинства, 22.2 Жени, 22. 3 Политичка припадност, 22.4 Регионална застапеност

Од понудените резултати можеме да оцениме дека сите варијабли се во рамките, односно под вредноста на Кронбаховиот алфа коефициент и сите тие придонесуваат за неговата вредност, па со право можеме да констатираме дека постои поврзаност меѓу споредуваните варијабли и тие не сочинуваат компоненти на единствен скор.

Поврзаноста на применетите варијабли е утврдена со Пирсоновиот коефициент на корелација (R). За утврдување на оправданоста на примената на факторската анализа како мултиваријанта постапка е пресметан Kaiser-Meyer-Olkin Measure of Sampling Adequacy (KMO), кој за ставките во прашањето 22 изнесува 0,753, за прашањето 22 е 0,702, за 23 е 0,898, за прашањето 26 е 0,806 и за прашањето 32 изнесува 0,892. Бидејќи станува збор за високи вредности, може да се констатира дека може да се применат мултиваријантни аналитички постапки, поконкретно факторска анализа и да се погледне степенот на заситеноста на определени варијабли. Слични индикации можат да се констатираат и кај Bartlett’s Test of Sphericity

test, чија вредност е 2528,441 кај прашањето 16, потоа 7105,28 кај прашањето 23 и 5615,568 кај прашањето 32.

***Табела број 3. KMO and Bartlett's Test по прашања***

| | | Прашања број: | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **16** | **22** | **23** | **26** | **32** |
| Kaiser-Meyer-Olkin Measure of Sampling Adequacy. | | **0,753** | **0,702** | **0,898** | **0,806** | **0,892** |
| Bartlett's Test of Sphericity | Approx. Chi-Square | 2528,441 | 1007,784 | 7105,028 | 1369,336 | 5615,568 |
| | df | 10 | 6 | 55 | 28 | 45 |
| | Sig. | 0,000 | 0,000 | 0,000 | 0,000 | 0,000 |

Вредноста на овој тест е значајна, затоа што тој значително е повисок од вредноста на *p* (p=0,001). Во пресметката таа вредност на *p* изнесува Sig.0,000, за секое прашање одделно. Затоа, може да се констатира дека пресметката на мултиваријантните аналитички постапки, посебно факторската анализа, е оправдана, односно може да се примени како аналитичка постапка (Мојаноски Ц. Т., 2013, стр. 567).

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРИМЕРОКОТ

Основно при утврдувањето на мострата е да се избегне пристрасноста. Тоа се обезбедуваше преку примената на случајноста во изборот. Кога го употребуваме поимот „случајност", пред сѐ, имаме предвид дека се работи за грижливо планирана активност, при што во статистичката маса на сите единици им се дава подеднаква можност да бидат избрани.

Во истражувањето е користен повеќеетапен примерок. Повеќеетапниот примерок е тип на стратификациски приме-

рок. Тој се применува кога популацијата е голема, а за истражување немаме многу време и пари. На пример, сакаме да го утврдиме мислењето на граѓаните за определена акција на полицијата. По случаен избор избираме неколку места, потоа во нив избираме определен број на населени целини, а изборот на соговорниците ќе го избереме случајно.

Во применетите истражувања, кои се преземаат на факултетите, помалку се посветува внимание на проблемот на примерокот, што е и разбирливо кога се знае дека ова истражување, пред сè, има за цел не да се утврдуваат законите и законитостите во областа на безбедноста (тие се обично резултат на фундаменталните истражувања), туку да се применат во практиката. Меѓутоа, има доста проблеми при реализацијата во зависност од средината во која се спроведува (на факултетите нови модели на учење, нови наставни поставки итн., во органите на управата нови модели на решавање на проблемите) коишто, најнапред, треба да бидат проверени (следени и проучувани) на помал број испитаници, на ограничен број постапки и ограничени содржини и слично, пред да се „прошират" на сите учесници, наставни содржини, варијабли и постапки на кои се однесува таквото истражување (Мојаноски Ц. Т., 2013, стр. 254-264).

Испитаниците беа избирани на тој начин што, најнапред, во секоја општина, градско или селско населено место се формираше јадро. Во секое од јадрата се вршеше посета на секое петто домаќинство во индивидуалните живеалишта, односно секое 20 домаќинство во колективните живеалишта. Доколку на денот на посетата никој не е присутен, или одбие соработка, предмет на интерес беше следното живеалиште. Упатствата беа така срочени доколку некој и во тој случај одбие, тогаш изборот е на следното петто живеалиште.

Изборот на испитаниците бил извршен по принципот на близок роденден на член на семејството. Применето е

структурирано интервју (лице во лице). Истражувањето било конципирано така да ги опфати сите делови на Република Македонија и да се постигне приближен број на испитаници од сите делови, од град и село. Имено, поради релевантноста на резултатите било водено сметка да бидат застапени подеднаков број испитаници од сите региони во Република Македонија, во согласност со официјалната територијална поделеност. Истражувањето беше спроведено во 31 општина во Македонија (Аеродром, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Центар, Чаир, Берово, Босилово, Виница, Гостивар, Долнени, Илинден, Кичево, Кратово, Маврово и Ростуша, Македонски Брод, Петровец, Прилеп, Пробиштип, Радовиш, Ресен, Росоман, Свети Николе, Струмица, Студеничани, Тетово, Чашка, Чешиново, Куманово и Подареш). Регионалната структура на испитаниците покажува дека таа во основа е постигната во осумте плански региони на Република Македонија. Бројот на испитаници е нешто помал во Јужниот и Југозападниот плански регион, затоа што при реализацијата не постоеше можност да се ангажираат доволен број соработници. Регионално гледано дистрибуцијата на испитаниците изгледа вака: следува табеларен приказ на испитаници по региони:

***Табела број 4. Испитаници според планскиот регион***

| **Плански регион:** | *f* | % |
|---|---:|---:|
| Скопски | 344 | 34,30 |
| Пелагониски | 180 | 17,95 |
| Североисточен | 100 | 9,97 |
| Полошки | 99 | 9,87 |
| Јужен | 40 | 3,99 |
| Источен | 140 | 13,96 |
| Југоисточен | 60 | 5,98 |
| Југозападен | 40 | 3,99 |
| **Вкупно** | **1003** | **100,00** |

***Графикон број 1. Испитаници според планскиот регион***




Според видот на населбата, истражувањето покажа дека 638 жители или 63,61 % живеат во град, а 365 жители или 36,39 % живеат на село. Оваа покриеност овозможува да се добијат релевантни податоци во делот на мислењето на загрозеноста на луѓето кои живеат во градска или во селска средина.

***Табела бр. 5. Испитаници според местото на живеење***

| | *f* | % |
|---|---|---|
| 1 град | 638 | 63,61 |
| 2 село | 365 | 36,39 |
| Вкупно | 1003 | 100,00 |

Во однос на половата припадност, во истражувањето е обезбедена релативно висока присутност на испитаници 495 мажи, односно 49,55 % и 508 жени, односно 40,65 %. Оттука, теоријата на родовите перспективи и еднакви можности на жените и мажите е испочитувана, со што може да се види дали има разлика во перципирањето на безбедноста кај женскиот и машкиот пол.

***Табела број 6. Испитаници според полот***

| Пол: | *f* | % |
|---|---|---|
| 1 мажи | 495 | 49,35 |
| 2 жени | 508 | 50,65 |
| **Вкупно** | **1003** | **100,00** |

***Графикон број 2. Приказ на испитаници според полот***




Во анкетирањето се опфатени испитаници на возраст од 18 до постари од 66 години. Од нив до 25 години се опфатени 28,61 % од испитаниците, од 26 до 35 години се опфатени 22,23 %, од 36 до 45 години се опфатени 20,44 %, од 46 до 55 години се опфатени 16,45 %, од 56 до 65 години се опфатени 6,98 % и испитаници на возраст над 66 години се опфатени 5,28 %. Податоците укажуваат дека во возрасната структура на испитаниците е обезбеден приближен баланс на возрасните групи од 18 до 55 години старост и дека тие обезбедуваат претпоставки за анализирање на разликите меѓу младите и постарите лица, за тоа какви се нивните ставови за функционирање на безбедносниот систем и каде тие се наоѓаат во генералната безбедносна политика на земјата.

*Табела број 7. Возраст на испитаниците*

| Години: | *f* | % |
|---|---|---|
| од 18 до 25 | 287 | 28,61 |
| од 26 до 35 | 223 | 22,23 |
| од 36 до 45 | 205 | 20,44 |
| од 46 до 55 | 165 | 16,45 |
| од 56 до 65 | 70 | 6,98 |
| над 66 год. | 53 | 5,28 |
| **Вкупно** | **1003** | **100,00** |

*Графикон број 3. Испитаници според возраста*




Карактеристиките на примерокот според припадноста на националните заедници во земјата покажува дека во основа се обезбедени приближни пропорции на испитаниците од албанската етничка заедница. Кај одделни заедници, како што е турската и ромската, тој процент е нешто помал, а кај српската и бошњачката етничка заедница е нешто повисок. Во целина може да се констатира дека отстапувањата не се

поголеми од 3 % и дека е обезбедена соодветна вклученост на испитаници од сите етнички заедници во Република Македонија, пред сè, на оние кои се составен дел на Преамбулата на Уставот на Република Македонија (Устав на Република Македонија – со амандманите на Уставот I-XXXII, 2011).

***Табела број 8. Испитаници според националност***

| **Национална припадност:** | *f* | % |
|---|---|---|
| Македонец | 681 | 67,90 |
| Албанец | 221 | 22,03 |
| Турчин | 35 | 3,49 |
| Влав | 3 | 0,30 |
| Србин | 26 | 2,59 |
| Бошњак | 29 | 2,89 |
| Ром | 6 | 0,60 |
| Нешто друго, што? | 2 | 0,20 |
| **Вкупно** | **1003** | **100,00** |

***Графикон број 4. Испитаници според националност***



Примерокот на испитаници ја изразува структурата на населението според верската припадност, констатирана според пописот на населението во 2004 година.

***Табела број 9. Испитаници според вероисповед***

| **Вероисповед:** | *f* | % |
|---|---|---|
| Православна | 681 | 67,90 |
| Муслиманска | 287 | 28,61 |
| Католичка | 14 | 1,40 |
| Протестантска | 2 | 0,20 |
| Атеист | 14 | 1,40 |
| Нешто друго, што? | 5 | 0,50 |
| **Вкупно** | **1003** | **100,00** |

***Графикон број 5. Испитаници според вероисповед***




Во структурата на примерокот во врска со мултиконфесионалноста на населението, можат да се забележат отстапувања околу 3 % повеќе кај испитаниците православни (според пописот во Македонија од 2002 година православни се 64,7 %, муслимани се 33,3 % и други 2 %),

односно помалку кај испитаниците муслимани. Останатите вредности за испитаниците од другите религиозни групи се нешто повисоки од вредностите во споменатиот попис и се во рамките на процените за религиозната структура на населението, што ги вршат надлежните државни органи. Може да се констатира дека примерокот ја изразува мултирелигиозната структура на населението во Република Македонија и дека врз таа основа ќе можат да се донесуваат заклучоци.

Образовната структура на примерокот е обезбедена преку расчленување на образовните профили на повеќе степени. Во примерокот, 25 испитаници или 2,49 % се без образование, 85 или 8,47 % се со основно образование, 25 или 2,49 % се со КВ и со ВКВ училиште се 25 или 2,49 %, со средно образование се 526 или 52,44 %, со вишо образование се 97 или 9,67 %, со високо образование се 200 или 19,94 %, од нив 41 или 4,09 % се магистри и 4 или 0,40 % се доктори на науки.

Ако се групираат овие податоци во три групи, образовната структура на испитаниците во примерокот изгледа вака:

***Табела број 10. Степен на образование***

| **Години:** | *f* | % |
|---|---|---|
| До и основно училиште | 110 | 11,0 |
| ССС | 551 | 54,9 |
| ВСС | 342 | 34,1 |
| **Вкупно** | **1003** | **100,00** |

***Графикон број 6. Степен на образование***




Од податоците и графичкиот приказ може да се констатира дека во структурата на примерокот е обезбедена соодветна вклученост на образовните профили карактеристични за македонското општество и дека по оваа основа се создадени претпоставки за воопштувања и изведувања заклучоци. Ваквата дистрибуција е релевантна, односно репрезентативна, односно соодветствува со образовната структура на населението во Република Македонија.

***Табела број 11. Испитаници според работниот статус***

| | *f* | % |
|---|---|---|
| Вработен/а во државен сектор | 191 | 19,04 |
| Вработен/а во приватен сектор | 286 | 28,51 |
| Сопственик/чка на фирма | 51 | 5,08 |
| Невработен/на | 191 | 19,04 |
| Студент/ка | 159 | 15,85 |
| Пензионер/ка | 67 | 6,68 |
| Домаќин/ка | 49 | 4,89 |
| Нешто друго, што? | 9 | 0,90 |
| **Вкупно** | **1003** | **100,00** |

Според работниот статус, меѓу анкетираните кои се изјасниле дека работат во приватен сектор се 28,51 %, потоа следуваат вработените во државен сектор и невработените со по 19,04 %, студентите со 15,85 %, пензионерите со 6,68 %, сопствениците на фирми со 5,08 % и останатите со неполни 6 %.

Податоците од дистрибуцијата на испитаниците според работниот статус укажуваат дека во истражувањето се обезбедени претпоставки за актуализирање определени аспекти на перцепциите од граѓаните, набљудувани од аспект на социјалната структурираност на испитаниците.

***Табела број 12. Испитаници според просечниот личен доход (плата)***

| | *f* | % |
|---|---|---|
| нема примања | 363 | 36,19 |
| до 10000 денари | 97 | 9,67 |
| од 10001 до 20000 денари | 303 | 30,21 |
| од 20001 до 30000 денари | 162 | 16,15 |
| над 30001 денари | 78 | 7,78 |
| **Вкупно** | **1003** | **100,00** |

Структурата на испитаниците според висината на доходот што го остваруваат на месечно ниво говори за сликата на личните примања. Од податоците можеме да констатираме дека повеќе од две третини од испитаниците или 36,19 % се лица без примања. Значи, се издржувани лица. Скоро една третина од испитаниците остварува доход нешто помалку од просечниот во државата, а 23,93 % остваруваат доход над просекот. Ваквата структура на испитаници создава основа да се констатира дека се опфатени категории на граѓани во однос на нивните примања.

Досегашното излагање укажува дека во структурата на истражувањето се постигнати, односно се задоволени претпоставките на соодветен опфат на испитаниците според половата, возрасната, територијалната, образовната, националната и верската припадност. Исто така, треба да се напомене дека во примерокот е обезбедена репрезентативност и според работната ангажираност и со определени информации за социјалната, односно финансиската (материјалната) карактеристика на испитуваната популација. Што се однесува до репрезентативноста и потребата од соодветно објаснување на начинот на конструирањето на примерокот, од аспект на бројот на испитаници, примерокот се групира во големи примероци.

# ГРАЃАНИТЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТА

Преку конкретни безбедносни ризици и закани, и дефинираните носители на безбедносното загрозување, доаѓаме до утврдување на капацитетите за спротивставување на загрозувањата по Република Македонија и квалитетна безбедносна процена од која зависи ефикасноста на безбедносниот систем и имплементација на безбедносната политика. Следењето и процената на безбедносните појави се основна претпоставка за успешно владеење со безбедносната состојба, како и за ангажирање на капацитетите во насока на реализација на поставените безбедносни цели во политиката.

***Табела број 13. Во која мерка, според Вашето мислење, безбедноста во Македонија е загрозена?***

| | *f* | % |
|---|---|---|
| 1) Многу е загрозена | 141 | 14,06 |
| 2) Главно е загрозена | 361 | 35,99 |
| 3) Не знае, нема став | 223 | 22,23 |
| 4) Главно не е загрозена | 196 | 19,54 |
| 5) Воопшто не е загрозена | 82 | 8,18 |
| **Вкупно** | **1003** | **100,00** |

***Графикон број 7. Во која мерка, според Вашето мислење, безбедноста во Македонија е загрозена?***



За разлика од личната безбедност, која по самите испитаници не е значително загрозена, безбедноста на Република Македонија главно е загрозена ако се има предвид фактот што тоа мислење го делат 361 испитаници (над 35 %), со овој став не се согласуваат 196 (околу 19,54 %), а многу е загрозена според 141 лице (14,06 %). Само мал број од 82 анкетирани (8,18 %) сметаат дека воопшто не е загрозена безбедноста на Република Македонија.

Република Македонија од осамостојувањето до денес влезе во процес на градење сопствен безбедносен систем за безбедност кој претставува рефлексија на актуелната внатрешна, регионална и меѓународна состојба, како и огледало на времето во кое Република Македонија се бори со актуелните безбедносни предизвици.

***Табела број 14. Дали се чувствувате безбеден/на во средината во која живеете и работите?***

| | *f* | *%* |
|---|---|---|
| не се чувствувам безбеден/а | 221 | 22,03 |
| се чувствувам безбеден/а | 782 | 77,97 |
| **Вкупно** | **1003** | **100,00** |

***Графикон број 8. Дали се чувствувате безбеден/на во средината во која живеете и работите?***




Според стратегиските безбедносни документи, државата смета дека не постои закана од масовни инвазии и војна, вклучувајќи ја и конвенционалната војна, но новите предизвици и закани по мирот и безбедноста, на долг временски период ќе бидат исправени пред безбедносниот систем и неговата безбедносна политика. Сегашното постоење на опасности предизвикани од екстремниот национализам, расна и верска нетрпеливост, тероризмот и организираниот криминал, како и од импликациите од состојбите во непосредното опкружување на Република Македонија се очекува на долг рок да опаднат и да минимизираат зависно од актуелноста на безбедносните прашања.

Самата околина во која живеат, соседството, традиционалните норми на живеење и комуникација овозможиле граѓаните да изградат меѓусебна доверба, што придонесе поголемиот дел од нив да се чувствуваат безбедни во средината каде живеат и работат, со оглед на тоа што над 77,97 % од испитаниците дале потврден одговор и се изјасниле дека се чувствуваат безбедно во средината во која живеат и работат.

***Табела број 15. Доколку се чувствувате безбедно, што најмногу придонесува така да се чувствувате? (заокружи еден одговор)***

| | *f* | % |
|---|---|---|
| 1) живеам во добро опкружување | 288 | 28,71 |
| 2) државните органи добро ја работат својата работа | 97 | 9,67 |
| 3) затоа што сум способен/на да се заштитам себеси | 118 | 11,76 |
| 4) затоа што живеам нормално и го почитувам редот и законот | 264 | 26,32 |
| 5) затоа што имаме одличен соживотот во државата | 25 | 2,49 |
| 6) имам работа и сум економски стабилен/на | 35 | 3,49 |
| 7) почитување на Уставот и законите | 43 | 4,29 |
| 8) редовно примање  личен доход (плата) | 14 | 1,40 |
| 9) нешто друго, (наведи) | 119 | 11,86 |
| **Вкупно** | **1003** | **100,00** |

Врз основа на чувството на поголема лична безбедност, испитаниците беа замолени да одговорат што придонесува тие така да се чувствуваат. Покрај добрососедските односи и комуникација која ја имаат во животната средина, улицата и населбата во која се движат (28,71 %), од друга страна 26,32 % од испитаните граѓани се на став дека не се загрозени поради тоа што живеат нормално и го почитуваат редот и законот. Индикативен е одговорот кај 11,76 % дека од способноста да се заштитат себеси им извира чувството на безбедност. Ова води кон заклучок дека истите немаат доверба во самите безбедносни институции кои имаат должност да обезбедат заштита на граѓаните, што се потврдува во следниот алтернативен одговор дека државните органи си ја работат својата работата како што треба или, пак, дел од населението поседува со или без дозвола опрема и оружје кое може да го употреби во секое време кога ќе биде загрозена неговата слобода и безбедност. Личните примања, според резултатот од 1,40 %, не влијаат на чув-

ството на личната човекова безбедност, бидејќи веројатно ова прашање е сфатено од физички аспект на загрозеност на безбедноста во средината каде што живеат и работат.

***Табела број 16. Кој од државните органи најмногу придонесува кон Вашето чувство за безбедност?***

| | *f* | % |
|---|---|---|
| 1) ниту еден | 277 | 27,62 |
| 2) МВР | 586 | 58,42 |
| 3) АРМ | 91 | 9,07 |
| 4) Агенција за разузнавање | 11 | 1,10 |
| 5) Центар за управување со кризи | 6 | 0,60 |
| 6) Дирекција за заштита и спасување | 7 | 0,70 |
| 7) Приватни компании за обезбедување | 13 | 1,30 |
| 8) Друг орган, кој? | 12 | 1,20 |
| **Вкупно** | **1003** | **100,00** |

***Графикон број 9. Кој од државните органи најмногу придонесува кон Вашето чувство за безбедност?***



Перцепцијата на граѓаните дали секој државен орган придонесува кон чувството на безбедност е значаен податок преку кој  ќе се види како граѓаните ги оценуваат актерите кои се дел од безбедносниот систем.

За прв пат во одредено испитување на јавното мислење се среќаваме со податок од 58,42 %, според кој граѓаните се со поголем позитивен став кон полицијата со тоа што сметаат дека таа повеќе придонесува кон нивното чувство за безбедност, отколку Армијата, за која се изјасниле 9,07 %, со што поголемо значење ѝ даваат на дејствувањето на полицијата, односно Одделот за Јавна безбедност. Помало влијание има АРМ, која досега беше институција со најголема доверба кај граѓаните, а кај граѓаните следни се приватните компании за обезбедување,  кои за мал но значаен дел позитивно влијаат врз чувството на безбедност. Малиот процент кој го има добиено Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување ја отвора дилемата колку граѓаните ги познаваат овие органи, и колку тие се наметнале како актери во зајакнување на безбедноста.

***Табела број 17. Кој од државните органи најмногу влијае врз Вашето чувство за небезбедност?***

| | *f* | % |
|---|---|---|
| 1) ниту еден | 542 | 54,04 |
| 2) МВР | 211 | 21,04 |
| 3) АРМ | 53 | 5,28 |
| 4) Агенција за разузнавање | 47 | 4,69 |
| 5) Центар за управување со кризи | 38 | 3,79 |
| 6) Дирекција за заштита и спасување | 20 | 1,99 |
| 7) Приватни компании за обезбедување | 75 | 7,48 |
| 8) Друг орган, кој? | 17 | 1,69 |
| **Вкупно** | **1003** | **100,00** |

***Графикон број 10. Кој од државните органи најмногу влијае врз Вашето чувство за небезбедност?***




Во делот на чувството за небезбедност кај граѓаните нема промена за првото место, доколку не се земе предвид дека најголемиот дел, односно 54,04 % од испитаниците оценуваат дека ниту еден од органите не влијае на нивната небезбедност. А за 21,04 % МВР има влијание врз чувството на нивната небезбедност, потоа се среќава Армијата на Република Македонија. Инаку, и покрај тоа што во согласност со законската нормативa Агенцијата за разузнавање има надлежност надвор од земјата, ставот на граѓаните, од кои 4,69 % како да се незадоволни од нејзината работа при одржувањето на внатрешната безбедност на земјата, преку што таа влијае врз чувството на небезбедност кај граѓаните. И на ова прашање за небезбедноста многу мал дел од граѓаните се изјасниле за ЦУК и ДЗС, што од страна на клучните фактори во безбедносниот систем треба да го отвори прашањето за нивната улога, бидејќи самите граѓани не го чувствуваат нивното влијание ниту во позитивна, ниту, пак, во негативна конотација.

Потребно е постоење единствен интегрален безбедносен систем на Република Македонија кој ќе гарантира негово функционирање на сите елементи заедно, како и овозможување на хоризонтална и вертикална интеракција во системот. Значи, во земјата постојат институции на политичкиот систем, нивна нормативно правна поставеност во однос на безбедноста на државата, но се чини не е докрај заокружена безбедносната политика. Во законските решенија и теориските експликации се јавуваат повеќе категории, како што се: безбедност, одбрана, безбедност и одбрана, одбрана и безбедност, систем за безбедност, систем за одбрана, одбранбено-заштитен систем, внатрешна безбедност, јавна безбедност, безбедносна и одбранбена политика, што повеќе создава конфузија отколку што ги дефинираат и прецизираат содржинските елементи на безбедносниот систем на Република Македонија.

Во испитувањето на јавното мислење беше дадена можност граѓаните да го оценат работењето на носителите на одлуки во безбедносниот систем на Република Македонија.

Ако се земе предвид дека безбедносните институции, всушност, се сервис на самите граѓаните, преку оваа анкета им се даде можност на испитаниците да ја оценат работата на институциите во областа на безбедноста. Армијата има највисока оценка во извршување на поставените задачи, за која само мал број од испитаниците сметаат дека лошо ги извршува своите задачи. По неа со високи позитивни оценки е полицијата и приватното обезбедување, а по нив е Советот за национална безбедност и Претседателот на државата, под чии ингеренции е Советот за безбедност. Зачудува добиениот податок за позитивен стан кон ова тело, бидејќи од областа на безбедноста нема значајни ингеренции кои имаат значајно влијание во спроведување на одлуките.

***Табела број 18. Оценете ја работата на следните институции во областа на безбедноста.***

| | Лошо | Доволно | Добро | Многу добро | Одлично | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | |
| 1) Претседател на Република Македонија | 291 | 184 | 321 | 123 | 84 | **1003** |
| 2) Собрание | 252 | 228 | 365 | 112 | 46 | **1003** |
| 3) Влада | 219 | 230 | 373 | 123 | 58 | **1003** |
| 4) Полиција | 140 | 162 | 364 | 230 | 107 | **1003** |
| 5) Армија на Република Македонија | 86 | 138 | 370 | 259 | 150 | **1003** |
| 6) Разузнавачки и контраразузнавачки служби | 122 | 186 | 429 | 188 | 78 | **1003** |
| 7) Совет за национална безбедност | 116 | 221 | 414 | 165 | 87 | **1003** |
| 8) Приватни компании за обезбедување | 115 | 224 | 374 | 193 | 97 | **1003** |
| 9) Центар за управување со кризи | 134 | 210 | 408 | 177 | 74 | **1003** |
| 10) Дирекција за заштита и спасување | 115 | 209 | 416 | 186 | 77 | **1003** |
| 11) Судство | 349 | 181 | 275 | 130 | 68 | **1003** |

***Графикон број 11. Оценете ја работата на следните институции во областа на безбедноста.***



Најлошо кај граѓаните помина судството, за кое има највисок процент на изјаснети дека лошо си ја врши својата задача. Со оценка добро поминаа Владата на Република Македонија и приватните агенции за обезбедување, поради што треба да се работи на зајакнување на ингеренциите на Владата во безбедноста, преку давање нови должности, односно форми на дејствување, како и посветување поголемо внимание на концептот на приватна безбедност како еден од високоприоритетните форми на одржување на безбедноста во земјата, средината во која секој од нас живее и работи.

Во испитувањето на јавното мислење беше дадена можност граѓаните да го оценат работењето на носителите на одлуки во безбедносниот систем на Република Македонија. Најмногу процентуално за оценка 5 се определиле за Армијата на Република Македонија, иако процентот е доста мал, но доминантната збирна оценка е позитивна, како и за Полицијата, бидејќи е дадена оценка 4, оценка 3 за Владата, Претседателот на Република Македонија, Советот за национална безбедност, како и приватните Агенции за приватно обезбедување, Собранието според резултатите ја има оценката 2, а со најниска оценка 1 се изјасниле за судството како најслаба алка од системот во Република Македонија.

***Табела број 19. Според Вас, кој најдобро ќе ја заштити безбедноста на Вас и Вашето семејство?***

| | *f* | % |
|---|---|---|
| 1) самиот јас | 309 | 30,81 |
| 2) пријателите | 47 | 4,69 |
| 3) соседите | 19 | 1,89 |
| 4) полицијата | 393 | 39,18 |
| 5) армијата | 38 | 3,79 |
| 6) приватното обезбедување | 38 | 3,79 |
| 7) НАТО | 60 | 5,98 |
| 8) никому не му верувам | 99 | 9,87 |
| **Вкупно** | **1003** | **100,00** |

***Графикон број  12. Според Вас, кој најдобро ќе ја заштити безбедноста на Вас и Вашето семејство?***




Од горенаведените резултати на прашањето за очекувањата кој најдобро ќе ја заштити безбедноста на самите граѓани како поединци и нивното семејство, над 39 % оценуваат дека тоа може да го направи полицијата на која ѝ ја доверуваат улогата на добар чувар. Потоа не може никој да го направи подобро од нив самите, за што се изјасниле 30,81 %, односно 9,87 % никому не му веруваат, само 3,79 % од испитаниците би се потпреле на приватното обезбедување, на своите пријатели 4,69 %, за околу 5,98 % од испитаниците личната безбедност може да ја гарантира НАТО, а само 1,89 % во својот сосед би имале доверба за својата лична безбедност. Врз основа на овие добиени одговори може да се заклучи дека граѓаните го преферираат концептот на лична безбедност, што, секако, треба да се поддржи од страна на безбедносните институции, бидејќи резултатите ги чувствуваат веднаш самите граѓани.

***Табела број 20. Доколку имате проблем за решавање, кому, најпрво, ќе се обратите?***

| | *f* | % |
|---|---|---|
| 1) на Владата | 19 | 1,9 |
| 2) на Собранието | 18 | 1,8 |
| 3) на Градоначалникот | 62 | 6,2 |
| 4) општината | 83 | 8,3 |
| 5) во партијата | 24 | 2,4 |
| 6) во полициската станица | 525 | 52,3 |
| 7) на соседот | 80 | 8,0 |
| 8) свештено лице | 23 | 2,3 |
| 9) никому | 169 | 16,8 |
| **Вкупно** | **1003** | **100,00** |

***Графикон број 13. Доколку имате проблем за решавање, кому, најпрво, ќе се обратите?***



Одговорите и на горенаведеното прашање говорат дека довербата на граѓаните кон полицијата е зголемена, со оглед на тоа што тие решението за кој било безбедносен проблем ќе го побараат во првата полициска станица. Потоа довербата ја црпат од локалните авторитети, бидејќи би се обратиле во општината каде што живеат и кај градоначалникот, а доверба од 7,98 % имаат во својот сосед. Ниско на дното на листата на доверба за решавање на проблемите се свештените лица и политичките партии, а сосема е изгубена доверба дека кој било проблем особено од областа на безбедноста ќе биде решен од страна на Владата и Собранието на Република Македонија.

***Табела 21. Според Ваше мислење, кој од следните облици влијае врз чувството на загрозеност, што е главната причина поради која така се чувствувате?***

| | f | % |
|---|---|---|
| 1) пораст на уличниот криминал и насилство | 243 | 24,23 |
| 2) однесување на екстремистички групи | 20 | 1,99 |
| 3) лоша економска состојба и сиромаштијата | 229 | 22,83 |
| 4) проблеми со наркоманија | 53 | 5,28 |
| 5) лоша работа на државните органи | 143 | 14,26 |
| 6) меѓуетничките односи | 88 | 8,77 |
| 7) нарушени меѓупартиски односи | 77 | 7,68 |
| 8) нестабилноста на политичкиот систем | 108 | 10,77 |
| 9) зависноста на судството | 27 | 2,69 |
| 10) не одговара ништо | 15 | 1,50 |
| **Вкупно** | **1003** | **100,00** |

Во истражувањето кога подетаљно беа запрашани испитаниците за причините за загрозеност на нивната лична безбедност, 22,83 % од нив се изјаснуваат дека лошата економска состојба и сиромаштијата  придонесуваат за личната несигурност, затоа економската безбедност е еден од столбови-

те кои граѓаните сметаат дека е разнишан. Воедно, 24,23 % од анкетираните во порастот на уличниот криминал и насилството гледаат во моментов на прво место како најсериозен безбедносен ризик. Од друга страна, независно што поминаа 13 години од потпишаниот Рамковен договор сè уште 8,77 % оценуваат дека меѓуетничките односи се разнишани и претставуваат ризик по безбедноста на земјата. Лошата работа на државните органи за 14,26 % е причина за чувството на загрозеност. Нестабилноста на политичкиот систем во земјата за 10,77 % е потенцијална опасност за безбедноста, наркоманијата како сериозна закана особено за младата популација 5,28 % од испитаниците оценуваат дека е потенцијален ризик, а за 1,99 % однесувањето на екстремистичките групи во Македонија, 7,68 % од  испитаниците сметаат дека нарушените меѓупартиски односи во државата претставуваат извор на дестабилизација, а и покрај бројните критики од меѓународниот фактор и домашната заедница само 2,69 % од анкетираните (не)зависноста на судството ја гледаат како еден од главните виновници за какви било  идни нестабилности во Република Македонија, односно чувството на загрозеност. Оваа последна оценка може да биде проблематизирана со оглед на тоа што судството од страна на анкетираните испитаници е оценето со најниска лоша оценка.

***Табела број  22. Ве молиме, оценете во која мерка се чувствувате безбедно - 1) Вие, кога е во прашање Вашата физичка безбедност***

| | *f* | % |
|---|---:|---:|
| Мошне небезбедно | 57 | 5,68 |
| Главно небезбедно | 141 | 14,06 |
| Не знае, нема став | 108 | 10,77 |
| Главно безбедно | 477 | 47,56 |
| Целосно безбедно | 220 | 21,93 |
| **Вкупно** | **1003** | **100,00** |

***Графикон број 14. Ве молиме, оцените во која мерка се чувствувате безбедно - 1) Вие, кога е во прашање Вашата физичка безбедност***




Главно безбедно граѓаните се чувствуваат кога станува збор за нивната физичка безбедност, животот во нивната куќа и стан, во областа на местото на живеење и, секако, во регионално опкружување на Република Македонија. Оценките за небезбедност се незначителни, особено кога ќе се земе предвид постигнатиот резултат каде е малиот број на изјаснетите во однос на понудените алтернативни одговори.

Од понудената батерија на прашања може да се констатира дека чувството на безбедност е мерено на Ликертова скала со пет степени. Може да се утврди дека над 11 % од испитаниците одговориле дека мошне небезбедно се чувствуваат во сопствениот стан, односно куќа, а највисока фреквенција од 8,65 % имаат одговори дека мошне небезбедно се чувствуваат во државата во која живаеат, потоа со 7,20 % се испитаници кои оценуваат не е безбедно опкружувањето на нашата земја, а со околу 4 % се испитаниците кои сметаат дека мошне небезбедно се чувствуваат во регионот во кој

живеат, односно дека се чувствуваат мошне небезбедно само кога им е доведена во прашање физичката безбедност.

***Табела број 23. Ве молиме, оцените во која мерка се чувствувате безбедно - 2) Во својата куќа/стан***

| | *f* | % |
|---|---|---|
| Мошне небезбедно | 24 | 2,39 |
| Главно небезбедно | 95 | 9,47 |
| Не знае, нема став | 103 | 10,27 |
| Главно безбедно | 442 | 44,07 |
| Целосно безбедно | 339 | 33,80 |
| **Вкупно** | **1003** | **100,00** |

***Графикон број 15. Ве молиме, оцените во која мерка се чувствувате безбедно - 2) Во својата куќа/стан***




Ако ги групираме одговорите, така што одговорите со мошне и генерално небезбедно, како и одговорите не знам, немам став како одговори кои имаат став дека не се чувствуваат безбедно, тогаш дистрибуцијата на одговорите е следна: 54,07 % се чувствуваат небезбедно во реги-

оналното опкружување на Република Макеонија, 25,54 % кога е доведена во прашање нивната физичка безбедност, 24,08 % од областа (подрачјето) во кое живее испитаникот и 6,11 % од испитаниците оцениле дека најнебезбедно им е во сопствената куќа или стан во кој живеат.

***Табела број 24. Ве молиме, оценете во која мерка се чувствувате безбедно - 3) Во областа/местото во кое живеете***

| | *f* | % |
|---|---|---|
| Мошне небезбедно | 37 | 3,69 |
| Главно небезбедно | 113 | 11,27 |
| Не знае, нема став | 154 | 15,35 |
| Главно безбедно | 489 | 48,75 |
| Целосно безбедно | 210 | 20,94 |
| **Вкупно** | **1003** | **100,00** |

***Графикон број 16. Ве молиме, оценете во која мерка се чувствувате безбедно - 3) Во областа/местото во кое живеете***




Овде треба да се има предвид дека на ваквата дистрибуција влијаат одговорите што ги дале испитаниците од типот „не знам, немам став". Имено, 22,54 % од нив не-

маат став дали регионалното опкружување на Република Македонија влијае на нивнот став за безбедноста. Втората групна на одговори од овој тип, не знам, односно немам став со 16,02 % се однесува на прашањето за државата во која живее испитаникот, со 8,48 % во областа, односно местото каде што живее, со 7,28 % со ситуацијата на загрозеност на физичката безбедност и на крајот неопределен став 4,20 % од испитаниците имаат за безбедноста на сопствениот стан, односно куќа на живеење.

***Табела број 25. Ве молиме, оценете во која мерка се чувствувате безбедно - 4) Во државата во која живеете***

| | *f* | % |
|---|---|---|
| Мошне небезбедно | 65 | 6,48 |
| Главно небезбедно | 235 | 23,43 |
| Не знае, нема став | 198 | 19,74 |
| Главно безбедно | 384 | 38,29 |
| Целосно безбедно | 121 | 12,06 |
| **Вкупно** | **1003** | **100,00** |

***Графикон број 17. Ве молиме, оценете во која мерка се чувствувате безбедно - 4) Во државата во која живеете***



Дали ваквото тврдење можеме да го прифатиме како што е дадено и дали образложението е доволно? Веројатно не. Затоа во продолжение предмет на натамошна анализа е батерија на прашања поврзани со општата претстава за безбедноста на испитаниците. Тематизирањето на оваа група прашања е во функција да се индицираат некои од прашањата поврзани со општествените односи, посебно со општите претстави за тоа каков е безбедносниот амбиент и можноста за напредок на поединецот во заедницата. Ваквите претстави можат само да индицираат определни состојби, тие не се одговор за вистинските состојби. Нас нѐ интересираа ставовите поврзани со (1) животот во опкружувањето, (2) функционирањето на државните органи, (3) способноста од самозаштита, (4) начинот на живеењето и односот кон утврдените норми, правила и стандарди, (5) остварувањето на соживотот во државата, (6) вработеноста и економската стабилност, (7) односот кон правниот поредок, (8) остварувањето на приход, и (9) други индикатори кои не се набројани во претходниот сет прашања. На прашањето: Доколку се чувствувате безбедно, што најмногу придонесува така да се чувствувате? одговорите се дадени во следната табела:

***Табела број 26. Кој може (и колку) одвнатре да ја загрози безбедноста на Македонија - 10) Нивото на демократија***

| | *f* | *%* |
|---|---:|---:|
| Воопшто не се согласувам | 42 | 4,19 |
| Не се согласувам | 72 | 7,18 |
| Не можам да оценам | 272 | 27,12 |
| Се согласувам | 355 | 35,39 |
| Потполно се согласувам | 262 | 26,12 |
| **Вкупно** | **1003** | **100,00** |

***Графикон број 18. Кој може (и колку) одвнатре да ја загрози безбедноста на Македонија - 10) Нивото на демократија***




Значаен индикатор за стабилноста на земјата и проценките кога ги прави, на пример, Светската банка го зема предвид степенот на демократија во една земја. Дали нивото на демократија може да ја загрози одвнатре безбедноста на Македонија е следното прашање со кое потполно се согласуваат околу 26,12 %, а кога на нив ќе се додаде дека и 35,39 % се согласуваат, може да се види дека мнозинството испитаници сметаат дека доколку земјата е подемократска истата е постабилна и заканите по безбедноста одвнатре се помали, 27,12 % од испитаниците не можат да оценат, 7,18 % не се согласуваат, а 4,19 % воопшто не се согласуваат дека нивото на демократија може да ја загрози безбедноста на Македонија, значи само мал процент сметаат дека само со помало ниво на демократија ќе имаме побезбедни институции и држава.

***Табела број  27. Кој може (и колку) одвнатре да ја загрози безбедноста на Македонија - 9) Сиромаштијата***

| | *f* | % |
|---|---|---|
| Воопшто не се согласувам | 32 | 3,19 |
| Не се согласувам | 98 | 9,77 |
| Не можам да оценам | 188 | 18,74 |
| Се согласувам | 354 | 35,29 |
| Потполно се согласувам | 331 | 33,00 |
| **Вкупно** | **1003** | **100,00** |

***Графикон број 19. Кој може (и колку) одвнатре да ја загрози безбедноста на Македонија - 9) Сиромаштијата***




Според податоците на Државниот завод за статистика, во последните 5 години процентот на сиромашни лица во Република Македонија изнесува 30,4 %. Анализирано по профили, најранливи групи се повеќечлените домаќинства, имајќи го предвид фактот дека 48,5 % од сиромашните живеат во домаќинства со 5 и повеќе членови. Стапката на сиромаштија кај невработените е 40,7 %, односно 46,0 % од сите сиромашни се невработени лица. Образованието на главата на домаќинството, исто така, влијае на бројот

на сиромашни лица. Имено, 54,6 % од сиромашните лица живеат во домаќинства во кои носителот на домаќинството нема или има завршено најмногу основно образование.

Имајќи ја предвид ориентираноста на македонската статистика кон меѓународните стандарди и потребата од обезбедување меѓународно споредливи податоци, како појдовна дефиниција за сиромаштијата се користи дефиницијата на Еуростат. „Како сиромашни се сметаат лица, семејства и групи на лица чии ресурси (материјални, културни и социјални) се на такво ниво кое ги исклучува од минимално прифатливиот начин на живеење во земјата во која живеат". Линијата на сиромаштија е дефинирана како ниво на животен стандард, што треба да се достигне за едно лице/домаќинство да не биде класифицирано како сиромашно.

Релативна линија на сиромаштија е релативен стандард на опстојување определен како неопходно ниво на трошоци. Субјективна линија на сиромаштија е субјективен стандард на опстојување врз база на мислењата изразени од целата популација за нивото на приходите неопходни за да се одбегне сиромаштијата.

Анкетета за потрошувачка на домаќинствата која се спроведува во Државниот завод за статистика е најважен извор на податоци за пресметка на линијата на сиромаштија и за анализа на животниот стандард.

Државниот завод за статистика истражувал и констатирал дека точно 545 000 лица или 27,1 % од вкупното население во Македонија живеат во сиромаштија. Според анкетите на статистичарите, во нашата земја мнозинство граѓани имаат проблем редовно да обезбедат пари за да ги платат сметките или трошоците за станарина, а околу еден милион од вкупно два милиона жители можат да си дозволат квалитетен оброк секој втор ден. Дури 23,8 отсто од четиричлените домаќинства составени од двајца возрасни и

две издржувани деца живеат во сиромаштија. Стапката на сиромашни невработени лица изнесува 48,7 отсто, додека стапката на сиромашни вработени лица е 10 отсто. За статистичарите од Евростат, Македонија е трета најсиромашна земја во Европа. Токму поради овој висок степен на сиромаштија во Република Македонија, постои висок ризик по безбедноста. Околу 68 % од испитаниците се согласуваат потполно или делумно со констатацијата дека сиромаштијата може да ја загрози безбедноста на Македонија, а само 13 % не се согласуваат, односно 18,74 % не можат да оценат.

***Табела број 28. Кој може (и колку) одвнатре да ја загрози безбедноста на Македонија - 8) Невработеноста***

| | *f* | % |
|---|---|---|
| Воопшто не се согласувам | 29 | 2,89 |
| Не се согласувам | 87 | 8,67 |
| Не можам да оценам | 209 | 20,84 |
| Се согласувам | 362 | 36,09 |
| Потполно се согласувам | 316 | 31,51 |
| **Вкупно** | **1003** | **100,00** |

***Графикон број 20. Кој може (и колку) одвнатре да ја загрози безбедноста на Македонија - 8) Невработеноста***



Сите прогнози за неизвесноста во делот на економскиот развој на земјата, воедно и бројот на невработените во земјата, влијаат во загрозувањето одвнатре на безбедноста на Македонија. За 31,51 % од испитаниците потполно е точна констатацијата дека невработеноста може да ја загрози одвнатре безбедноста на Македонија, 36,09 % се согласуваат, 20,84 % не можат да оценат, а само мал процент од 8,67 % не се согласуваат, односно 2,89 % воопшто не се согласуваат дека невработеноста има влијание врз безбедноста и сметаат дека тие се одвоени нешта.

***Табела број 29. Кој може (и колку) одвнатре да ја загрози безбедноста на Македонија - 7) Приватизација на безбедноста***

| | *f* | % |
|---|---|---|
| Воопшто не се согласувам | 33 | 3,29 |
| Не се согласувам | 105 | 10,47 |
| Не можам да оценам | 336 | 33,50 |
| Се согласувам | 316 | 31,51 |
| Потполно се согласувам | 213 | 21,24 |
| **Вкупно** | **1003** | **100,00** |

***Графикон број 21. Кој може (и колку) одвнатре да ја загрози безбедноста на Македонија - 7) Приватизација на безбедноста***



Како одредена закана приватизацијата на безбедноста ја гледаат 21,24 % кои потполно се согласуваат со потенцијалното загрозување, 31,51 % се согласуваат, 33,50 % не можат да оценат, 10,47 % не се согласуваат, односно 3,29 % воопшто не се согласуваат. Во иднина треба да се работи одредени задачи на јавната безбедност да им се доверат на приватните агенции за обезбедување на имоти и лица. Денес сè повеќе се зајакнува приватната безбедност преку измени на законската регулатива во Република Македонија. Но, треба уште повеќе да се работи на довербата на граѓаните кон приватните агенции за обезбедување.

Во анализата за безбедносната состојба треба да се напомене дека клучот за стабилноста на земјата се наоѓа во имплементацијата на Рамковниот договор, кој претставува кохезивно ткиво кое ги држеше Македонците и Албанците да бидат сплотени мотивирани од желбата да бидат дел од евроатлантските структури што е можно побрзо. Ваквата состојба на среден рок може да доведе до сериозна закана за безбедноста, ако не се продолжи забрзаното интегрирање на земјите во регионот и Република Македонија да остане изолирана со Косово и Босна и Херцеговина. Таа состојба претставува основа за пенетрација на радикалниот ислам, што очигледно по силната експлозија која настана по серијата т.н. револуции во арапскиот свет, остава простор за таков ризик по безбедноста на Македонија, оценуваат поголем дел од претставниците на извршната власт.

***Табела број 30. Кој може (и колку) одвнатре да ја загрози безбедноста на Македонија - 6) Локален тероризам и вооружен бунт во земјата***

| | *f* | % |
|---|---|---|
| Воопшто не се согласувам | 28 | 2,79 |
| Не се согласувам | 69 | 6,88 |
| Не можам да оценам | 198 | 19,74 |
| Се согласувам | 372 | 37,09 |
| Потполно се согласувам | 336 | 33,50 |
| **Вкупно** | **1003** | **100,00** |

***Графикон број 22. Кој може (и колку) одвнатре да ја загрози безбедноста на Македонија - 6) Локален тероризам и вооружен бунт во земјата***




Во процената на заканите по земјата од претставници на извршната власт се надополнува претходно искажаната оценка. „Во изминатиот период се виде дека на територијата на Балканот многу групи од верскиот радикализам и од криминалното поднебје интензивно комуницираат и имаат интеракција меѓу себе. Тоа претставува еден вид ризик и опасност за Република Македонија и за регионот.

Внатрешните закани во Република Македонија досега се идентификуваат на тие две основи. Глобалните асиметрични закани претставуваат опасност за претставниците на извршната власт. Најнова појава на ризик се каналите на илегална миграција коишто од кризните региони доаѓаат по територијален коридор низ Република Македонија. Меѓу тие мигранти имаме луѓе кои се верско радикални и екстремно криминални. Република Македонија само е транзитен коридор, со што се изразува одреден ризик по стабилноста на земјата", оценуваат соговорниците во интервјуто кои биле дел од Владата на Република Македонија.

За заканите од верска природа говореа поранешни припадници на разузнавачката заедница во земјата. „Ако се земат предвид евентуалните конвенционални закани, треба да се бара одговор за настанот на Смилковско Езеро. Значи, генерално не може да стане збор за сериозна дестабилизација на Република Македонија по верска основа".

Во изминатиот период во Република Македонија, за жал, сме биле сведоци на локален тероризам, како што беше случајот со Смилковско Езеро или, пак, настаните од 2001 година во одредени анализи се оценуваат за вооружен бунт. 33,50 % од испитаниците потполно се согласуваат, а 37,09 % се согласуваат дека ваквиот тип на појави може одвнатре да ја загрози безбедноста на Македонија. Само мал дел од 6,88 % не се согласуваат, т.е. 2,7 % воопшто не се согласуваат со процената на ваквите ризици, со што може да се заклучи дека се исклучително релевантни.

***Табела број  31. Кој може (и колку) одвнатре да ја загрози безбедноста на Македонија - 5) Насилно симнување на демократската власт***

| | *f* | % |
|---|---|---|
| Воопшто не се согласувам | 34 | 3,39 |
| Не се согласувам | 81 | 8,08 |
| Не можам да оценам | 241 | 24,03 |
| Се согласувам | 368 | 36,69 |
| Потполно се согласувам | 279 | 27,82 |
| **Вкупно** | **1003** | **100,00** |

***Графикон број  23. Кој може (и колку) одвнатре да ја загрози безбедноста на Македонија - 5) Насилно симнување на демократската власт***




Кога се разгледува политичката безбедност значаен елемент е стабилноста на политичкиот систем. Доколку често се одржуваат избори се говори за лабилен политичко безбедносен систем, а воедно ако се јават насилни форми на симнување на демократски избраната власт, во анкетата околу 27,82 % од испитаниците се согласуваат потполно, а генерално се согласуваат 36,69 % дека може да ја загрози одвнатре безбедноста на Македонија. Не може да оценат 24,3 %, а 11,47 % не се согласуваат со понудениот одговор.

***Табела број 32. Кој може (и колку) одвнатре да ја загрози безбедноста на Македонија - 4) Финансиска презадолженост на Македонија***

| | *f* | % |
|---|---|---|
| Воопшто не се согласувам | 39 | 3,89 |
| Не се согласувам | 87 | 8,67 |
| Не можам да оценам | 240 | 23,93 |
| Се согласувам | 370 | 36,89 |
| Потполно се согласувам | 267 | 26,62 |
| **Вкупно** | **1003** | **100,00** |

***Графикон број 24. Кој може (и колку) одвнатре да ја загрози безбедноста на Македонија - 4) Финансиска презадолженост на Македонија***




Со умерено трошење и добра економска политика, Македонија може да се врати во категоријата на ниско задолжени држави. По неколкугодишно забрзано темпо на „билдање" на задолжувањето, фискалната политика ни дава надеж дека учеството на јавниот долг во бруто домашниот производ може да се намали. Република Македонија помина период во кој јавниот долг од под 30 % од БДП

се зголеми на над 50 %, што е брз раст и предизвикува структурни проблеми. Тој се должеше на прекумерно задолжување и на релативно високите дефицити придружени со релативно ниски стапки на економски раст. Намалената стапка на задолжување, пониското дефицит и повисокиот проектиран раст се параметри кои ветуваат промени.

Најголемиот дел од испитаниците (62 %) кои се изјасниле со целосна или делумна согласност сметаат дека финансиската презадолженост може да ја загрози безбедноста на Македонија. Околу 23,93 % немаат став, а само околу 12 % не се согласуваат со тезата дека одвнатре може да биде загрозена безбедноста доколку продолжи финансиското задолжување на земјата.

Со оглед на предизвиците на македонската економија и нејзината многу голема изложеност на глобалните движења кои веднаш се пресликуваат кај нас, ние треба да сме подготвени, посебно при негативни движења кои не можеме да ги издржиме. Затоа треба да сме подготвени да ја намалиме стапката на задолженост под 40 %. Таа треба да се намали за околу 10 % во учеството на јавниот долг во БДП. Тоа би можело да се оствари преку намалување на дефицитот некаде до 2 % и покачување на стапката на раст до 4 па и 5 %. Тоа во период од 3 до 4 години ќе ја спушти задолженоста некаде на 40 % и ќе влеземе во зоната на ниско задолжени земји. Во таков случај би биле кредитно поспособни со ниски камати да се финансираме и економијата ќе може да се развива, затоа што нема да има фискална пресија врз даночните обврзници. Тоа бара да се биде порестриктивни во трошењата, да се подигне растот на економијата со други мерки, не само фискални за да се ослободи простор да се намали задолженоста која понатаму ќе биде благопријатна затоа што ќе немаме високи отплати ниту, пак, поголема зависност на јавните финансии од дополнителни извори, укажуваат економските експерти.

***Табела број 33. Кој може (и колку) одвнатре да ја загрози безбедноста на Македонија - 3) Социјалните потреси и штрајкови***

| | *f* | % |
|---|---|---|
| Воопшто не се согласувам | 43 | 4,29 |
| Не се согласувам | 116 | 11,57 |
| Не можам да оценам | 285 | 28,41 |
| Се согласувам | 368 | 36,69 |
| Потполно се согласувам | 191 | 19,04 |
| **Вкупно** | **1003** | **100,00** |

***Графикон број 25. Кој може (и колку) одвнатре да ја загрози безбедноста на Македонија - 3) Социјалните потреси и штрајкови***




На прашањето кој од следните облици влијае врз чувството на загрозеност, како главна причина така да се чувствуваат голем дел од испитаниците сметаат дека тоа е лошата економска состојба и сиромаштијата, која во иднина може да предизвика социјални немири и безбедносни ризици. Со оваа констатација се согласуваат целосно или делумно 55,73 %, а само 15,86 % не се согласуваат дека социјалните потреси и штрајкови можат да ја загрозат одвнатре безбедноста на Македонија.

***Табела број 34. Кој може (и колку) одвнатре да ја загрози безбедноста на Македонија - 2) Пораст на политичките напнатости во национално мешаните средини***

| | *f* | % |
|---|---|---|
| Воопшто не се согласувам | 61 | 6,08 |
| Не се согласувам | 108 | 10,77 |
| Не можам да оценам | 197 | 19,64 |
| Се согласувам | 357 | 35,59 |
| Потполно се согласувам | 280 | 27,92 |
| **Вкупно** | **1003** | **100,00** |

***Графикон број 26. Кој може (и колку) одвнатре да ја загрози безбедноста на Македонија - 2) Пораст на политичките напнатости во национално мешаните средини***




Во целокупната анализа на ризиците и заканите по безбедноста може да се види дека клучен елемент во безбедносната стабилизација се добрите меѓуетнички односи. На поставеното прашање дали порастот на политичката напнатост во националните мешани средини може да ја загрози безбедноста на Македонија, околу 35,59 % се согласуваат, 27,92 % потполно се согласуваат, 19,64 %

не можат да оценат, 10,77 % не се согласуваат, а 6,08 % воопшто не се согласуваат. За разлика од претходните испитувања, овде има позитивни промени каде се намалува бројот на граѓаните кои оценуваат дека политичките тензии во етнички мешаните средини можат одвнатре да ја загрозат безбедноста на земјата. Причините треба да се бараат во помалиот број тензии или воопшто променетата слика во етнички мешаните средини во Република Македонија по промената на власта во земјата.

***Табела број 35. Кој може (и колку) одвнатре да ја загрози безбедноста на Македонија - 1) Отцепување на Западна Македонија***

| | *f* | % |
|---|---|---|
| Воопшто не се согласувам | 130 | 12,96 |
| Не се согласувам | 115 | 11,47 |
| Не можам да оценам | 205 | 20,44 |
| Се согласувам | 265 | 26,42 |
| Потполно се согласувам | 288 | 28,71 |
| **Вкупно** | **1003** | **100,00** |

***Графикон број 27. Кој може (и колку) одвнатре да ја загрози безбедноста на Македонија - 1) Отцепување на Западна Македонија***



Проблемите по етничка основа може да се развијат понатаму во територијални претензии, бидејќи оваа *status quo* состојба долго не може да се одржи. Иако досега се сметаше дека поделбата на Република Македонија преку евентуално отцепување на Западна Македонија е нереална, над 55,13 % од испитаниците не го делат тоа мислење и се со став дека безбедноста на Македонија може да се загрози одвнатре, наспроти 24,43 % кои не гледаат опасност од отцепување на Западна Македонија.

***Табела број 36. Оценете дали некои од следните ситуации може (и колку) одвнатре да ја загрози безбедноста на Македонија?***

| **СПОРЕД МЕНЕ:** | **Воопшто не се согласувам** | **Не се согласувам** | **Не можам да оценам** | **Се согласувам** | **Потполно се согласувам** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | |
| 1) Отцепување на Западна Македонија | 130 | 115 | 205 | 265 | 288 | **1003** |
| 2) Пораст на политичките напнатости во национално мешаните средини | 61 | 108 | 197 | 357 | 280 | **1003** |
| 3) Социјалните потреси и штрајкови | 43 | 116 | 285 | 368 | 191 | **1003** |
| 4) Финансиска презадолженост на Македонија | 39 | 87 | 240 | 370 | 267 | **1003** |
| 5) Насилно симнување на демократската власт | 34 | 81 | 241 | 368 | 279 | **1003** |
| 6) Локален тероризам и вооружен бунт во земјата | 28 | 69 | 198 | 372 | 336 | **1003** |
| 7) Приватизација на безбедноста | 33 | 105 | 336 | 316 | 213 | **1003** |
| 8) Невработеноста | 29 | 87 | 209 | 362 | 316 | **1003** |
| 9) Сиромаштијата | 32 | 98 | 188 | 354 | 331 | **1003** |
| 10) Нивото на демократија | 42 | 72 | 272 | 355 | 262 | **1003** |

***Графикон број 28. Оценете дали некои од следните ситуации може (и колку) одвнатре да ја загрози безбедноста на Македонија?***




Во Република Македонија јасно доминантен е концептот на националната безбедност која до неодамна се потпираше на воената безбедност, која во последните 8 години не се поддржува во земјата, за сметка на вложувањата во полицијата. Со цел да се утврди мислењето на граѓаните кои средства треба да се употребуваат за одржување на безбедноста, а преку тоа да се утврди кој е најсоодветен концепт за безбедност на земјата, се пристапи кон следниот сет прашања преку кои се бара идниот концепт за безбедност на Република Македонија.

Од понудените 8 алтернативни одговори на прашањето со кои средства државата на која ѝ припаѓате може да се грижи за својата безбедност, најголем број од 595 испитаници се изјасниле дека зголемувањето на животниот стандард позитивно ќе влијае врз безбедноста. Воедно и вториот одговор е поврзан со употреба на економски средства и поттикнување на подобра економска соработка со другите држави наместо политиката на

изолација. Оттука број еден концепт за безбедност кој треба да се употребува во решавањето на проблемите во безбедноста и креирањето на нејзината политика е концептот на економска безбедност, кој подолу дополнително ќе биде анализиран.

Испитаниците имаат покажано висока еколошка свест, бидејќи преку анализата на податоците се наметнува како втор приоритет во користење на средства за еколошка заштита и ригорозни казни за екозагадувачи. Значи, важен приоритет е еколошката заштита и безбедност на граѓаните, пред сѐ, во средините каде што живеат поради високиот степен на аерозагадување во последните неколку години во Република Македонија.

Третиот пат кој го гледаат како алтернатива граѓаните е зачленувањето во меѓународните безбедносни организации, под чија  закрила сметаат дека ќе бидат посигурни. Потанаму следува концептот на политичка безбедност во чиј дијапазон на активности е употребата на дипломатски средства за решавање на безбедносни прашања. Зачудувачки е што 423 испитаници, значи некаде околу 40 %, се изјасниле дека со построги закони и поголема граѓанска дисциплина позитивно ќе се влијае кон одржување на безбедноста. Најголем број на испитаници, некаде околу 290, одговориле  воопшто не се согласуваат со употребата на воени средства, односно не го поддржуваат концептот на силна Армија која може да интервенира каде што има потреба.

## ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПЕРЦЕПЦИИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ СПОРЕД НАЦИОНАЛНАТА ПРИПАДНОСТ

Заради обезбедување попрегледни резултати, податоците од одговорите на која националност припаѓа испитаникот се групирани во три групи. Имено, фреквенциите од испитаниците кои одговориле дека припаѓаат на турската, влашката, српската, ромската, бошњачката и на групата нешто друго, се групирани во една група. Основната интенција на ваквата анализа е да ги согледа основните тенденции во ставовите меѓу испитаниците кои се определуваат дека се припадници на македонскиот народ и албанската етничка заедница.

***Табела број 37. Национална припадност (во три групи)***

| | *f* | % |
|---|---|---|
| Македонец | 681 | 67,90 |
| Албанец | 221 | 22,03 |
| Други | 101 | 10,07 |
| **Вкупно** | **1003** | **100,00** |

На ваквиот начин на групирање може да му се приговара, но анализата се фокусира токму на овие две национални групи затоа што во последните дваесетина години се присутни определени напнатости, нагласени конфликти и воен конфликт во 2001 година. Групираните податоци, пак, можат да ја изразат групната карактеристика на испитаниците чии фреквенции како национална припадност се мали и одделно не поминуваат 3,5 % од вкупниот примерок, а заедно во примерокот сочинуваат мноштво од скоро 11 %.

***Табела број 38. Дали се чувствувате безбеден/на во средината во која живеете и работите? * Националност (три групи)***

| | Националност (три групи) | | | Вкупно | Националност (три групи) | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Македонец | Албанец | Други | | Македонец | Албанец | Други | |
| не се чувствувам безбеден/а | 147 | 52 | 22 | 221 | 66,52 | 23,53 | 9,95 | **100,00** |
| се чувствувам безбеден/а | 534 | 169 | 79 | 782 | 68,29 | 21,61 | 10,10 | **100,00** |
| Вкупно | 681 | 221 | 101 | 1003 | **67,90** | **22,03** | **10,07** | **100,00** |

Податоците упатуваат дека 21,59 % од испитаниците Македонци одговараат оти не се чувствуваат безбедно. Таа пропорција кај испитаниците Албанци е 23,53 %, а кај испитаниците од останатите национални заедници во земјата е 22,03 %. Слична пропорција може да се забележи и кај одговорите „се чувствувам безбеден/а". Кај испитаниците од македонскиот народ  таа е 78,41 %, кај испитаниците од албанската заедница е 76,47 % и кај испитаниците припадници на другите национални заедници е 78,22 %. Во структурата на одговорот „не се чувствувам безбеден/а", 66,52 % се Македонци, 23,53 % се Албанци и 9,95 % се од другите национални заедници. Структурата, пак, на тие што одговориле дека „се чувствувам безбеден/а" покажува дека 68 од 100 испитаници Македонци одговараат потврдно, 22 со таков одговор се Албанци и скоро 11 од испитаниците се од другите етнички заедници.

Дали одговорите за чувството за безбедност се во корелација со националната припадност? Дали меѓу овие три групи постои интензитет на врска? Тестирањето на поставеното прашање се врши со помош на $\chi^2$ (хи) квадрат тестот.

***Табела број 39. Chi-Square Tests***

| | Value | df | Asymp. Sig. (2-sided) |
|---|---|---|---|
| Pearson Chi-Square | 0,371[a] | 2 | **0,831** |
| Likelihood Ratio | 0,367 | 2 | 0,832 |
| Linear-by-Linear Association | 0,102 | 1 | 0,750 |
| N of Valid Cases | 1003 | | |

a. 0 cells (0,0 %) have expected count less than 5. The minimum expected count is 22,25.

Резултатите упатуваат на тоа дека не постои сигнификантна врска меѓу националната припадност на испитаникот и насоката на одговорот. Односно, чувството на безбедност не е условено од националната припадност. Ваквата вредност на коефициентот на асоцијација го потврдуваат и φ=0,19 и p=0,83, Cramer's V= 0,19 p=0,83 и коефициентот на контингенција C=0,19 p=0,831. Возраста и степенот на образование не покажуваат сигнификанти вредности во однос на определувањето на испитаниците дали се чувствуваат безбедни. Имено, возраста на испитаниците (групирани во три групи до 31 година, од 31 до 50 и над 51 година) не влијае на насоката на ставот (Pearson Chi-Square има вредност од 0,90 и p=0,637, слични се вредностите на φ коефициентот, Крамеровиот V и коефициентот на контингенција C со вредност од 0,30 и p=0,637). И резултатите од тестирањето на степенот на образованието (групиран во три групи: до и основно образование, средно и високо образование), $\chi^2$ тестот покажува ниска вредност (Pearson Chi-Square од 0,187[a] и p=0,911), несигнификантна врска меѓу овие две варијабли.

Врз основа на досега применетите истражувачки постапки, може да се констатира дека чувството на безбедност не може да се поврзе со националната, возрасната и образовната посебност на испитаникот. Тоа чувство е условено од други фактори, кои ќе бидат предмет на натамошна дебата.

Во обидот да се конструира емпириски модел за утврдување на распонот на безбедносниот индекс, врз основа на досегашните аналитички постапки, ќе примениме мултиваријантна постапка – факторска анализа. Факторската анализа се дефинира како метод на мултиваријациска анализа, кој со користење на помал број основни, но латентни случајни променливи, познати како фактори, врши опис на меѓусебната зависност на голем број променливи. При тоа, со фактор се дефинира променливата која треба да ја објаснува или е поврзана со оригиналната променлива.

Факторската анализа по многу нешта е слична на анализата на главни компоненти. И двете аналитички постапки се користат за редуцирање на податоците, со апроксимација на коваријантната или корелационата матрица на оригиналните променливи. Факторската анализа, во основа, е концентрирана на коваријантната матрица (коваријанса). Таа анализа претпоставува постоење теориски модел со кој се воспоставува релација меѓу димензиите променливи и помалиот број на заеднички фактори. За да се обезбеди полесна интерпретација на оценетиот модел на факторската анализа, потребно е да се изврши ротација на факторите, односно станува збор за постапка со која се трансформираат добиените оценки, односно вредности на коефициентите (Мојаноски Ц. Т., 2015).

Досегашната расправа укажува на констатацијата дека факторската анализа во анализата на повеќедимензионалните податоци има двојна улога. Се јавува како: а) факторска анализа и б) анализа на главни компоненти. Нивната функција е редукција на оригиналниот збир податоци. Истражувачката примена на факторската анализа е со цел да се идентификува заедничката структура што го генерирала добиениот збир на корелирани ори-

гинални променливи. Таа се користи и за тестирање на бројот на заеднички фактори кои се латентно присутни во збирот на податоци, како и за природата на тие фактори.

Основна претпоставка за факторската анализа е тоа што основните фактори се користат при описот на комплексните појави и корелациите помеѓу променливите се последица од постоењето на факторите (Kovačić, 1994, стр. 215 - 254).

Varimax е најчесто користена аналитичка постапка на ортогонална ротација на факторите. Со неа се минимизира бројот на факторите потребни за објаснетите променливи, со што се подобрува интерпретацијата на факторите. Целта е секој фактор да постигне големо оптоварување (1 или близу 1) за помал број на променливи и помало оптоварување (близу 0) за останатите променливи, за полесно да се интерпретираат издвоените фактори. Вкупниот објаснет варијабилитет останува ист, но првиот ротиран фактор не мора да го објаснува максималниот варијабилитет. Варијансата на оптоварување се пресметува за секоја колона посебно, со што се добива поголем број заеднички фактори.

Во анализата на истражувачките резултати предмет на интерес се оценките за тоа каков е степенот на доверба кај испитаниците во целина и посебно кај испитаниците според националната припадност во три групи. Пред да се примени оваа сложена истражувачка практика, на почетокот се пресметува Кајзер-Маеровиот-Олкинов и Бартлетов тест кој кај вкупните испитаници има особено висока вредност од 0,90, кај испитаниците Македонци 0,88, кај испитаниците Албанци 0,91 и кај останатите испитаници кои припаѓаат на другите национални групи во земјата, овој коефициент е 0,88. Вредноста p (sig,) на сигнификантноста, како и вредностите на коефициентите, покажуваат дека примената на оваа истражувачка постапка е оправдана.

***Табела број 40. KMO and Bartlett's Test по национални групи***

| KMO and Bartlett's Test[a] | | Вкупно | Македонци | Албанци | Други |
|---|---|---|---|---|---|
| Kaiser-Meyer-Olkin Measure of Sampling Adequacy. | | **0,90** | **0,88** | **0,91** | **0,88** |
| Bartlett's Test of Sphericity | Approx. Chi-Square | 7105,03 | 4778,55 | 1805,37 | 721,78 |
| | df | 55,00 | 55,00 | 55,00 | 55,00 |
| | Sig. | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |

Во натамошната постапка матрицата на интеркорелации е факторизирана со помош на Хотелинговиот метод на главни компоненти, а бројот на значајните главни компоненти е утврден во согласност со Кајзер-Гутмановите критериуми. Од добиените резултати во табелата што следува може да се констатира дека системот на ставови формира две значајни главни компоненти со процент на вкупно објаснета варијанса од **66,529** % кај сите испитаници, **65,458** % кај испитаниците Македонци, **71,619** % кај испитаниците Албанци и **66,481 %** кај испитаниците припадници на другите национални заедници. Овде само патем да споменеме дека првата главна компонента го објаснува најголемиот процент на применетиот систем и таа е 55,26 % кај сите испитаници, 53,66 % кај испитаниците Македонци, 60,28 % кај испитаниците Албанци и 55,87 % кај испитаниците од другите национални заедници.

***Табела број 41. Карактеристични корени (Lambda) и процент на вкупно објаснетата варијанса - Total Variance Explained***

| | Compo-nent | Initial Eigenvalues | | | Extraction Sums of Squared Loadings | | | Rotation Sums of Squared Loadings | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Total | % of Variance | Cumula-tive % | Total | % of Variance | Cumula-tive % | Total | % of Variance | Cumula-tive % |
| Сите испитаници | 1 | 6,078 | 55,258 | 55,258 | 6,078 | 55,258 | 55,258 | 3,662 | 33,287 | 33,287 |
| | 2 | 1,240 | 11,271 | 66,529 | 1,240 | 11,271 | 66,529 | 3,657 | 33,242 | 66,529 |
| Македонци | 1 | 5,892 | 53,565 | 53,565 | 5,892 | 53,565 | 53,565 | 3,723 | 33,844 | 33,844 |
| | 2 | 1,318 | 11,983 | 65,548 | 1,318 | 11,983 | 65,548 | 3,487 | 31,704 | 65,548 |
| Албанци | 1 | 6,631 | 60,283 | 60,283 | 6,631 | 60,283 | 60,283 | 4,169 | 37,900 | 37,900 |
| | 2 | 1,247 | 11,336 | 71,619 | 1,247 | 11,336 | 71,619 | 3,709 | 33,718 | 71,619 |
| Други | 1 | 6,146 | 55,871 | 55,871 | 6,146 | 55,871 | 55,871 | 3,931 | 35,738 | 35,738 |
| | 2 | 1,167 | 10,610 | 66,481 | 1,167 | 10,610 | 66,481 | 3,382 | 30,743 | 66,481 |

Целите на факторската анализа се повеќезначни. Една од нив е со неа да се идентификуваат факторите кои се од особено значење.  Затоа се применува фазата на ротација. Со неа се настојува да се трансформира почетната матрица во некоја друга, чија задача е да обезбеди податоците поедноставно да се интерпретираат. Значи, целта на ротацијата е сложената матрица да се трансформира во матрица со помош на која факторите поедноставно ќе можат да се интерпретираат. Не постои еднозначно решение на моделот на факторска анализа, односно постојат повеќе матрици на факторски оптоварувања кои генерираат иста корелациона матрица. Овде треба да потсетиме дека и факторската матрица, добиена во фаза на екстракција, укажува на врската помеѓу факторите и индивидуалните променливи, но при тоа потешко се идентификуваат значајните фактори на основа на матрицата. Обично интерпретацијата е отежната, затоа што поголемиот дел од факторите се во корелација со многу променливи. Затоа се врши ротацијата.

Во продолжение на анализата на неротираната факторска матрица е извршена Varimax ротација, со цел да се добие поедноставена структура на латентниот простор.

Врз основа на добиените резултати од извршената ротација може да се забележи стабилност и непроменливост на екстрахираните латентни фактори, при што, по косата ротација на варијаблите, се добиени нешто почисти фактори.

***Табела број 42. Матрица со ротационите компоненти Varimax ротација***

| Rotated Component Matrixa,b | Сите испитаници | | Македонци | | Албанци | | Други | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Оценете ја работата на следните институции во областа на безбедноста - | Component | | Component | | Component | | Component | |
| | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 |
| 23.1 Претседател на Република Македонија | 0,30 | **0,61** | **0,60** | | | **0,73** | 0,34 | **0,60** |
| 23.2 Собрание | | **0,85** | **0,85** | | | **0,86** | | **0,82** |
| 23.3 Влада | | **0,85** | **0,85** | | | **0,86** | | **0,81** |
| 23.4 Полиција | | **0,78** | **0,79** | | | **0,79** | 0,45 | **0,70** |
| 23.5 Армија на Република Македонија | 0,49 | 0,58 | **0,60** | 0,43 | 0,52 | 0,59 | **0,65** | 0,44 |
| 23.6 Разузнавачки и контраразузнавачки служби | **0,67** | 0,48 | 0,45 | **0,68** | **0,64** | 0,50 | **0,71** | 0,48 |
| 23.7 Совет за национална безбедност | **0,75** | 0,42 | 0,41 | **0,76** | **0,73** | 0,43 | **0,73** | 0,43 |
| 23.8 Приватни компании за обезбедување | **0,79** | | | **0,75** | **0,84** | | **0,80** | |
| 23.9 Центар за управување со кризи | **0,85** | | | **0,85** | **0,86** | | **0,84** | |
| 23.10 Дирекција за заштита и спасување | **0,82** | | | **0,81** | **0,82** | | **0,80** | |
| 23.11 Судство | 0,40 | 0,58 | **0,66** | 0,32 | **0,73** | | | **0,66** |

Extraction Method: Principal Component Analysis.
Rotation Method: Varimax with Kaiser Normalization.

Првиот фактор е општ фактор, каде што скоро секоја варијабла значајно го оптоварува и тој го објаснува најголемиот обем на варијансата. Вториот и наредните фактори тогаш се темелат на резидуалниот обем на варијансата. Секој фактор сукцесивно ги објаснува помалите делови на варијансата. Крајниот ефект на ротирање на факторската матрица е да се редистрибуира варијансата на поранешните фактори со подоцнежни фактори, за да се оствари поедноставна, теоретски позначајна, факторска шема (Мојаноски Ц. Т., 2015, стр. 635).

Ако се погледнат добиените податоци, тогаш ќе се констатира дека оценката на институционалната (уставно утврдена) рамка кај сите испитаници заедно, а кај Македонците одделно, има положба на помалку заситен фактор, односно тој е второ екстрахиран. Оваа група индикатори ќе ја наречеме уставно утврден систем за безбедност, во кој се вклучени Претседателот на Републиката, Собранието, Владата, Судството, Полицијата и Армијата, како и законски утврдените структури, како што се: разузнавачки и контраразузнавачки служби, Советот за национална безбедност, приватни компании за обезбедување, Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување. Ротацијата на одговорите во првиот фактор ги вклучи: разузнавачки и контраразузнавачки служби со коефициент на заситеност од 0,67, Советот за национална безбедност со коефициент 0,75, приватни компании за обезбедување со коефициент 0,79, Центарот за управување со кризи со највисок коефициент на заситеност од 0,85 и Дирекцијата за заштита и спасување со коефициент од 0,82. Слични се коефициентите на заситеност и кај испитаниците Албанци и припадниците на другите национални заедници. Ако се погледнат коефициентите меѓу овие две групи, ќе се констатира дека судството припаѓа на оваа структура со коефициент на заситеност од 0,73 и Армијата на Република Македонија со коефициент од 0,65 кај испитаниците од националната група припадници на другите заедници. Оваа група институции кај Македонците е екстрахирана како втор фактор, со следните коефициенти: разузнавачки и контраразузнавачки служби 0,68, Советот за национална безбедност 0,76, приватни компании за обезбедување 0,75, Центарот за управување со кризи 0,85 и Дирекцијата за заштита и спасување 0,81.

Како најзаситен фактор кај испитаниците Македонци е уставно утврдениот систем: Претседател на Република Македонија со коефициент од 0,60, потоа Собранието со

коефициент 0,85, со ист толкав коефициент е и Владата, Полицијата со коефициент на заситеност од 0,79 и Армијата на Република Македонија со коефициент на заситеност од 0,60 и судството со коефициент на заситеност од 0,66.

Во врска со групата индикатори на уставно утврдениот систем на безбедност, треба да се подвлече дека кај сите испитаници, освен кај Македонците, е втор фактор. Кај оваа група коефициенти кај Претседателот на Републиката нема екстрахирано показател со значајна тежинска оптовареност, слична е состојбата и со Армијата на Република Македонија. Во оваа група индикатори кај испитаниците од другите националности е вклучено и судството со коефициент на заситеност од 0,66. Исто така, треба да споменеме дека и Армијата на Република Македонија во одговорите кај Албанците покажува повисок степен на заситеност, но таа вредност е помала од 0,6. Иако во одделни анализи се вклучуваат вредности помали од 0,60.

Од претходната табела можеме да уочи дека постојат разлики меѓу Македонците, од една страна, и Албанците и другите припадници на националните заедници, од друга страна, во однос на степенот на заситеноста на факторите. Имено, по извршената ротација кај секоја испитувана група се екстрахирани коефициенти над 0,60 кај една група институции, кај Македонците таа е прв фактор. Имено, оценките за работата на со закон утврдените институции покажуваат висока заситеност во првиот фактор, што на еден или на друг начин може да се интерпретира дека постои повисок степен на доверба кај вкупниот број испитаници, како и кај испитаниците од албанската и другите национални заедници.

Натамошната анализа ќе се задржи на корелационата матрица на интеракциите меѓу факторите. Од понудената табела може да се уочи односот меѓу факторите.

***Табела број 43. Корелациона матрица за интеракциите меѓу факторите***

| Component Transformation Matrixa | Сите испитаници | | Македонци | | Албанци | | Други | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Component | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 |
| 1 институции | 0,71 | 0,71 | 0,73 | 0,69 | 0,74 | 0,68 | 0,75 | 0,67 |
| 2 служби | -0,71 | 0,71 | 0,69 | -0,73 | -0,68 | 0,74 | -0,67 | 0,75 |

Extraction Method: Principal Component Analysis.
**Легенда**: 1 Институции 2. Служби
Rotation Method: Varimax with Kaiser Normalization.

Корелационите показатели имаат високи вредности кои укажуваат на интензитетот на одговорите меѓу испитаниците, заедно, или одделно меѓу групите. Според тоа, можеме да констатираме дека кај испитаниците постои доволно свест и знаење, но веројатно и искуство од дејствувањето на одделни со законските решенија утврдени институции, кои повеќе или помалку располагаат со технички капацитети и кадри и можат да одговорат на задачите кои им се поставуваат во евентуална кризна состојба. Ваквата структура на одговорите може да имплицира и дека испитаниците се свесни за тоа дека безбедноста, сфатена како загрозување на територијалниот интегритет, не е значајна, односно евроатланската ориентација на Република Македонија, како и дека облиците на асоцијација со НАТО алијансата се определена гаранција за безбедноста од воени загрозувања и затоа не ги перципираат институциите како клучни, иако некои од нив, на еден или друг начин се задолжени, како што се задачите на Претседателот и Армијата на Република Македонија.

Показателите од ротацијата на податоците укажуваат на разлики во перцепциите на мнозинската група испитаници во земјата и припадниците на другите немнозински

групи. Таквата положба на односот на групите во однос на значењето, односно довербата во определени институции, организации и служби, е поливалентна, но во основа се темели на различните искуства и стекната свест и доверба во определени со закон утврдени служби и организации, кои во разни пригоди кај нас имале можност непосредно да интервенираат и да ги решаваат задачите, но и можеби се и резултанта на довербата и поддршката што граѓаните на Република Македонија ги имаат кон потребата од зачленување во НАТО алијансата, но и во Европската Унија. На таквата констатација можат да се скицираат и можните претпоставки кои се темелат на отворените процеси на регионално поврзување и соработка меѓу земјите, што може и влијае на перцепциите на граѓаните од можните ризици.

# ВИДОВИ ИНДЕКСИ ЗА БЕЗБЕДНОСТА

Конструирањето на Индексот на безбедност е процес на идентификување на индикаторската структура на поимот „безбедност". Досегашната расправа покажа дека околу тој поим постојат бројни пристапи, концепти, доктрини и теории, како и недоволно согласност околу заедничките елементи за неговото дефинирање. Таквите слабости се составен дел и од напорот на авторскиот тим кој се обидува да ги отвори елементите за градењето на Индексот на безбедност.

Концепирањето на Индексот на безбедност е активност што ќе продолжи и во иднина со примена и на квалитативни постапки, особено интервјуа со квалификувани поединци од подрачјата на безбедноста, како и со разработка на концепт на инструменти за набљудување и моторирање на определени процеси преку повремени и постојани анализи на актуелните содржини од подрачјата на безбедноста. Токму затоа, аналитичкиот тим укажува дека понудениот концепт за утврдување на Индекс на безбедноста треба да се набљудува како пилот-истражување, пробен концепт, кој се обидува да изгради постапка за конституирање на Индексот на безбедност.

Индексот на безбедност се формира според следниот аналитички концепт: $I_b = \frac{P_b + V_b + E_b + S_b + E_b + D_b + L_b + R_b + DU_b}{N}$ $I_b = \frac{P_b + V_b + E_b + S_b + E_b + D_b + L_b + R_b + DU_b}{N}$. Вредностите на одделниот Индекс беа формирани врз основа на пондериранитe вредности и примената на моделот $\bar{x} = \frac{\sum x_1 \cdot f}{\sum f} \bar{x} = \frac{\sum x_1 \cdot f}{\sum f}$, или $\sum \left( \frac{\% \cdot p_x}{100} \right) \sum \left( \frac{\% \cdot p_x}{100} \right)$, при што распонот на пондерите ($p_x$) беше од 1 до 5, така што се создаде основа за споредување на вредностите во одговорите. Во претходна постапка беше утврден Кромбаховиот алфа коефициент и КМО и Бартлетов коефициент, како и со примената факторската ротација беа тестирани определени карактеристики на инструментот, при што беше стекнато уверување дека инструментот нуди сигурност и доверба во изведените

податоци. Таквите сознанија се основа за натамошно трагање по оптимален модел за пресметка на Индексот на безбедност. Врз основа на сегашното искуство, авторскиот тим е на гледиште дека тој обезбедува солидна основа за негово натамошно надградување и развивање триангулациска постапка, која ќе ги намали и ќе ги отстрани, или ќе ги доведе до најмали рамки отстапувањата во вредностите на одделните индекси што влијаат на вкупниот Индекс на безбедност, како синтетички показател.

Пресметувањето на Индексот на безбедност треба да се набљудува и да се прифаќа како обид оваа сложена и не докрај дефинирана област да се промислува и мери, да се анализира и синтетизира како кондензиран облик на знаења, а Индексот да се набљудува како кондензиран индикатор, кој кај надлежните ќе поттикне активност за отстранување на детектираните противречности, недоследности и слабости и ќе влијае да се воспоставува стабилна безбедносна ситуација, а кај научната јавност ќе предизвика зголемен интерес за трагање по модели и облици преку кои ќе се генерира знаење кое ќе биде во функција на практиката, особено на брзо и ефикасно решавање на безбедносните проблеми.

***Табела број 44. Индекс на безбедност по видови и вкупно***

| Видови безбедност | **индекс** |
|---|---|
| воена | 3,78 |
| регионална | 3,48 |
| економска | 3,28 |
| политичка | 3,18 |
| еколошка | 3,15 |
| лична | 2,86 |
| добро владеење | 2,79 |
| социетална | 2,72 |
| државна | 2,36 |
| **Индекс на безбедност** | **3,07** |

***Графикон број 29. Индекс на безбедност по видови и вкупно***




Во структурирањето на Индексот на безбедност се појде од концептот дека него го сочинуваат девет елементи определени како: политичка, воена, економска, социетална, државна, лична и регионална безбедност и елементот – добро владеење. За секој од овие елементи беа идентификувани определен број прашања поврзани со видот на безбедноста. Како резултанта на таквата анализа концептот на политичката безбедност го сочинуваат 10 прашања, конструирани со скала од Ликертовиот тип со пет елементи. Економската безбедност со 9 прашања, личната со 12 прашања, државната со 6 прашања, а останатите со повеќе од две прашања. Токму затоа пред соопштувањето на содржините и вредностите треба да се укаже дека во градењето на структурата на Индексот треба да се вклучуваат и други определени индикатори, како и тоа дека во доградбата на истражувачката апаратура ќе се вклучуваат и дополнителни инструменти и дизајни на истражувањето.

Индексот на безбедност беше конституиран на тој начин што сите вредности беа пондерирани со оценка од 1 до 5, како искуство што се применува во оценувањето во образовниот процес. Најниската вредност значи и најслаба вредност и обратно.

Врз основа на така конструираниот модел за секој вид безбедност е пресметан посебен коефициент, кој во себе опфаќа бројни содржини вреднувани според вредноста на ставот. Секоја одделно обединува вредности на ставови кои се искажани во повеќе батерии прашања и кои, на еден или на друг начин, обезбедуваат тежинска структура на показателот. Заедничкиот показател во себе ги обединува вкупните содржини на деветте елементи (индикатори), односно структури од кој  е изграден Индексот на безбедност. Според тоа, овој Индекс претставува синтетички показател кој колку има повисока вредност, толку повисоко ги вреднува добрите и благопријатните сознанија во оценувањето на безбедноста, што може да се смета и за индикатор кој на еден или на друг начин ќе влијае на однесувањето на субјектите и носителите на бројните безбедносни функции и задачи, за афирмирање на позитивните искуства и за отстранување на негативните практики.

## ИНДЕКС НА ВОЕНА БЕЗБЕДНОСТ

Република Македонија не се соочува со директна конвенционална закана врз својата безбедност и нема т.н. опасност од територијални претензии од други држави, односно земјите од соседството. Но, и понатаму земјата треба да остане внимателна и подготвена да се соочи со заканите врз нејзината безбедност и континуирано ќе ги следи глобалните трендови и можности за развој и унапредување на потребните одбранбено-безбедносни способности и капацитети. Членството во НАТО претставува

силен мотивирачки фактор кај граѓаните и за сеопфатните безбедносни реформи во Република Македонија, поради што може да се оцени дека произлегува највисокиот безбедносен индекс во безбедносниот сектор.

Одбраната на секоја држава претставува предуслов за успешна надворешна и внатрешна стабилност, како и сестран развој на општествениот живот на институциите и граѓаните. Спроведувањето на современи практики е невозможно без системска поставеност и организирање на сите сегменти и гаранција за стабилноста, заштитата и безбедноста на општествените субјекти. Воената безбедност претставува функција на државата, во рамки на која се развива одбранбениот систем, се спроведуваат подготовки за заштита и афирмирање на националните интереси и вредности, се поддржуваат безбедносните сегменти и се остварува политиката на национална одбрана и безбедност.

Врз основа на добиениот индекс од 3,78 на воената безбедност,  може да се истакне дека во последните години имавме милитаризација на полицијата, а  застој во модернизација на Армијата кој сè уште трае. Тоа пред една година создаде конфузија во безбедносните структури на Република Македонија, но, од друга страна, го влоши добриот имиџ кој го изради АРМ пред 10 години. Факт е дека во периодот од 2002 година до 2008 година имаше тренд, кој, за жал, по неуспехот на Самиот во Букурешт како да доживеа промена во приоритетите и намалување на буџетската поддршка за Армијата. Повеќе од 10 години се намалува буџетот на Армијата и тоа не е во согласност со плановите од Стратегискиот одбранбен систем.

Испитувањето потврдува дека Армијата на Република Македонија е меѓу институциите со најголема доверба кај сите граѓани во земјата, независно од етничката припад-

ност. За тоа е потврда и ставот на албанската популација, која има скоро истоветен став со останатите граѓани.

Во врска со реформите во одбраната и  инвестициите во неа се смета дека во нив треба да се гледа како инвестиции во целокупниот безбедносен систем. Важно е во согласност со економските можности на земјата да се направи еден среднорочен план во однос на модернизацијата на АРМ. Во наредниот период треба да има не само стратегија, туку и реализација преку планирање на средства во Буџетот на Република Македонија за модернизација на АРМ. Тоа влијае на професионализмот во самата одбрана, каде треба да се внимава и на внатрешната кохезија во неа, бидејќи имаме мултиетничка Армија која треба да го рефлектира моделот на мултиетничка Македонија во рамките на АРМ. Тоа е сликата каде се создава таа кохезија на најцврста форма, поради тоа во исто време треба да се имаат тие компоненти. АРМ може да даде јасна порака на заеднички живот во земјата.

Намалениот Буџет придонесуваше за помала опременост на АРМ и во друга евентуална криза таа не  може да одговори на потребите на државата. Ние како држава со ограничени ресурси не може да организираме одбрана како Израел, врз основа на принципот сами против сите, зашто тоа бара инвестиции големи во одбрана, кои во овој момент државата ги нема.

Позитивниот индекс од 3,78 за воената безбедност говори дека граѓаните ја поддржуваат политиката со која се напушти намалувањето  на средствата за одбрана, зашто недостасуваат основни средства во Армијата.

Инаку, до пред една година беше јасно изразен ривалитетот меѓу Армијата и полицијата во однос на прашањето што треба повеќе да се развива. Тие треба да се

надополнуваат, бидејќи ние немаме финансиски средства паралелно да ја развиваме Армијата и слични полициски структури. Од аспект на внатрешната стабилност, треба да постојат две различни структури. Ако се развива и јакне само Армијата, тогаш во друга состојба АРМ може да се злоупотреби за државен удар и слично, или обратно ако полицијата развива структури кои ги има Армијата и се зајакнува во секој поглед, тогаш тоа е опасност да се премине во полициски тоталитарен систем. Треба да има баланс. Со Уставот и законите јасно се разграничени нивните задачи и обврски.

За претстојниот период како во минатото да нема големи проблеми меѓу АРМ и Министерството за одбрана, е неопходно заокружување на отпочнатиот процес на суштинска функционална анализа на Министерството и ГШ со цел да дојде до одредено редефинирање, бидејќи има поклопување на одредени функции. Надлежностите во делот на воената безбедност е безбедноста на воените операции на АРМ. Генералштабот на АРМ е орган во рамки на Министерството за одбрана, самостоен само во обуката и експертизата, командувањето и спроведувањето на наредбите на Врховниот командат. Сè друго од надлежностите на ГШ на АРМ треба да биде дел од интегрираниот модел на Министерството за одбрана. Тој ривалитет меѓу МОРМ и ГШ на АРМ сега повторно е присутен, за жал, како што наведовме погоре, граѓаните тоа го гледаат во дел од настапите на јавните носители на функции.

Секторот одбрана претставува костур на општеството поради што е потребно постојано надградување и трансформација. Крајот на оваа деценија е период во којшто визијата за приоритетите на одбранбената политика треба да се остварат, предводејќи ја примарната цел, влез во колективните безбедносни системи. Временската рамка овозможува компатибилен пристап и доформување

на одбранбениот систем во современ модел на развој на клучниот сектор, кој ќе овозможи примена на реципроцитетни одговори за предизвиците на 21 век.

Инаку, според позитивното мислење граѓаните имаат големи очекувања од Армијата, која во периодот кога се вршеше испитувањето имаше повеќенеделни јавни настани, како резултат на што може да е високиот безбедносен индекс во воениот сектор.

## ИНДЕКС НА РЕГИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ

Регионалната безбедност на Република Македонија со индекс од 3,48 е зависна од соседните држави. Активната политика во надворешно-политичките односи кои ги презема Владата на Република Македонија, особено во регионалната соработка, очигледно дека извршила влијание во мислењето на граѓаните и нивното изјаснување за позитивно гледање кон регионалната стабилност на земјата и нејзиното опкружување. Сепак, и покрај тоа, блокирањето на Грција за влез во НАТО и ЕУ ги блокира целокупните демократски и економски процеси во Република Македонија и може да биде основа за дестабилизација.

Дел од испитаниците сметаат дека идејата за Голема Албанија  сè уште е жива и може да влијае во внатрешното дестабилизирање на Република Македонија. Другите отворени прашања со соседите со Бугарија  наводно заедничка историја, јазикот, може да биде основа за внатрешни расправии, но не може да претставуваат сериозна внатрешна закана со оглед на високиот позитивен индекс за регионалната безбедност, Србија со негирањето на МПЦ и формирањето на паралелна Црква влијае на внатрешната стабилност. Генерално сите состојби можат да

имаат негативно влијание врз севкупните состојби, но не може да ја нарушат целосно внатрешната стабилност на Република Македонија.

Во последно време сведоци сме дека на ниво на држава помала е опасноста да се изврши агресија од друга држава во регионот, повеќе има предизвици на меѓународен план независно од националните и регионалните проблеми. Република Македонија има три соседни земји кои се членки на НАТО. Испитаниците ниту сега ниту во иднина не гледаат опасност по Република Македонија во однос на одредена агресија од нашите соседи, што има влијание врз позитивниот безбедносен индекс за регионалната безбедност од 3,48.

Значи, особено влијание и битен елемент кога се разгледува регионалната безбедност на Република Македонија е односот со соседите.

Дел од отворените прашања со соседите имаат влијание врз безбедносната состојба и нејзината политичка иднина. Проблемот со Бугарија не може да се прелее како безбедносен проблем и не може да направи безбедносни проблеми, со оглед на тоа што веќе е потпишан договор меѓу двете држави.

Од горе кажаното непобитен факт е дека соседите не се закана како во почетокот на 90-тите години, бидејќи главните безбедносни закани се лоцирани на македонска територија или далеку од неа. Воедно, директни безбедносни закани од соседите нема, бидејќи тие се интегрирани во колективните безбедносни системи. Република Македонија се наоѓа пред една значајна раскрсница, сопствена редефиниција во едни нови услови дали ќе го направи тоа успешно или не, ќе зависи од тоа каква држава во иднина ќе гради. Кога се говори за регионалната без-

бедност единствено отворено прашање останува спорот со Република Грција за употреба на уставното име на Република Македонија.

## ИНДЕКС НА ЕКОНОМСКА БЕЗБЕДНОСТ

Живееме во ера на глобализација, во време во кое се менуваат перспективите на дефинирање и анализирање на заканите по безбедноста во поширок контекст. Но, без разлика на сите овие динамични промени, една релација останува константна што се потврдува во добиениот индекс од 3,28 за економската безбедност. Токму релацијата економија-безбедност била и сѐ уште е еден од клучните аспекти од кој зависи безбедносната кондиција на една држава. Таа релација може да се гледа од повеќе перспективи.

Првата е дека само силна економија може да генерира доволно поддршка за креирање, одржување и развој на одличен безбедносен сектор. Потоа релацијата може да се погледне од перспективата дека нивото на економска моќ само по себе наметнува одредени безбедносни предизвици (на пример, големата невработеност и нискиот животен стандард е ситуација која создава потенцијал за појава на криминалитет кај невработеното население, воедно слабата економска моќ на државата ја ограничува во начинот на водење на надворешната политика и надминување на предизвиците кои произлегуваат во надворешната политика, а се директно поврзани со безбедноста).

Во денешното глобално општество, економските случувања во која било земја директно го загрозуваат целокупното функционирање на општествените системи на која било земја од светот (што директно го засега и безбедносниот сектор). И, на крај, релацијата помеѓу безбедноста и економијата може да се погледне низ перспекти-

вата дека во основа најголемиот број закани и посериозни загрозувања на безбедноста се темелат врз аспирациите кон стекнување ресурси (територија, нафта, гас, рудни богатства, контрола на сообраќај, информации, и сл.), што во најдлабока суштина е економско прашање.

Економската состојба, невработеноста и сиромаштијата може да бидат сериозна основа за дестабилизација на земјата, покажува ова истражување според одговорите на граѓаните. Социјалниот слој кој нема постојан извор на финансии за егзистенција е подложен на манипулација. Големиот слој на социјално несигурни семејства овозможува опасна политика на манипулација со масите, сметаат испитаниците. Сиромаштијата и невработеноста може да претставуваат закана за зголемување на криминалот во земјата. Од друга страна, човечкиот потенцијал може да изразува незадоволство од економската состојба и да се создаде критична маса. Преку големата сива економија не се нарушува социјалниот мир во земјата и така се одржува стабилноста на земјата. Инаку, официјалните бројки на невработени се големи и може да влијаат врз безбедноста без некоја сериозна закана, зголемување на грабежите, девијантното однесување и степенот на наркоманија ќе претставуваат голема закана и ќе се развиваат поради високиот степен на невработеност, оценија некои од соговорниците.

Економската состојба има сериозен одраз врз мали држави, особено врз Република Македонија. Застојот во европските интеграции непосредно негативно влијае врз економскиот раст и отворањето нови работни места, можноста за директни странски инвестиции кои се добиваат ако земјата е членка на НАТО и ЕУ.

За да се создаваат нови работни места, мора да се генерира раст не преку потрошувачката туку преку инвестициите. На тој начин треба да се креираат нови работни

места, се носи нова технологија, се подобрува надворешниот биланс, со што се создаваат подобри услови за живот во Република Македонија, што го очекуваат испитаниците кога беа прашани со кои мерки и активности да се подобри состојбата во земјата.

Република Македонија се развива, но не со потребното ниво, бидејќи според стапката на сиромаштија сме меѓу најсиромашните во Европа. Социјалните елементи и сиромаштијата се основа за манипулација со населението. Тогаш кога луѓето немаат средства за егзистенција се подложни на манипулација на организирани протести и немири и тоа претставува потенцијална бомба за внатрешни немири од пошироки размери, покажува и ова истражување.

За да имаме добар национален безбедносен систем, потребна е добра економија со цел таа да се унапредува и да се одржува. Наредниот период треба да се посвети внимание  на енергетската безбедност. Дали планираната гасификација на државата може да ја наруши енергетската суввереност, е прашањето што се отвори. Излегувањето на граѓаните надвор од границите, кои се обидуваат да најдат привремена работа во ЕУ, на тој начин се задоволува сиромаштијата и невработеноста. Колкав е  бројот на луѓе кои досега ја напуштиле државата не може официјално никој да каже, но е особено битно да се има тој податок за да се оцени нивото на економска безбедност на земјата.

## ИНДЕКС НА ПОЛИТИЧКА БЕЗБЕДНОСТ

Индексот на политичката безбедност е конструиран од пет ставови на испитаниците поврзани со оценките за средствата со кои државата би требало да се грижи, изразена со два ајтема, односно преку оценките на ситуациите кои можат да ја загрозат безбедноста одвнатре.

Политичката безбедност варира преку пет ставови, конструирани со Ликертов тип на скала. Имено, од испитаниците е побарано да го изразат степенот на согласност за тоа со кои средства би требало државата да се грижи за својата безбедност. Несомнено, најзначајна оценка на испитаниците е јакнењето на правната свест, јакнењето на одговорноста и, секако, владеењето на правото, што се изразува преку воведување на построги закони и поголема дисциплина. Овој став има просечна вредност од 3,99, што упатува дека мнозинството испитаници изразиле согласност со ваквото тврдење. Но, тој одговор упатува и на тоа дека во свеста на испитаниците се присутни наслаги и свест дека општествениот амбиент може да се гради со построги закони и со дисциплина меѓу граѓаните. Овој одговор може да се набљудува и во рамките на поширокиот општествен контекст, кој, на еден или на друг начин, влијае на свеста и потребата од јакнење на одговорноста. Последните години во Република Македонија се случуваа општествени процеси во кои доминираа облиците на непочитување на правото. Одговорите упатуваат на тоа дека најприфатливи средства се дипломатските, со посебна нагласка на дипломатските односи со другите држави. Просечната оценка од 3,81 е тежинска вредност која го обединува дијапазонот од најниската до највисоката вредност. Таа од можните 5 вредности постигнува релативно значајна вредност, што потврдува дека мирниот општествен развој и дипломатската пресретливост се гаранција за безбеден развој на секој поединец, заедницата и за државата како најорганизирана структура во општеството.

Три оценки се особено значајни од аспект на дефинирањето на политичката безбедност, а се однесуваат, пред сè, на ситуациите кои  можат одвнатре да ја загрозат безбедноста на земјата, како што се насилното симнување на демократската власт, која патем да спомениме се оценува со висока оценка 3,77, што значи многу добар како описен

израз. Потоа, безбедносно сензитивна е оценката за нивото на демократијата, која се оценува со оценка од 3,72, што имплицира за чувство на демократска ориентација и сензибилитет и за свест за тоа дека демократијата е моделот во кој може да се остварува слободниот развој на поединецот и заедницата. И последната оценка во овој сет на ставови на испитаниците е опасноста по загрозувањето на безбедноста одвнатре, која може да е последица на порастот на политичките напнатости во национално мешаните средини со просечна оценка од 3,68, која е нешто пониска од претходните, но е во распонот на оценувањето многу добар.

Во градењето на оценките за политичката безбедност како илустрација може да послужи и ставката во модалитетот за тоа што најмногу придонесува за испитаниците да се чувствуваат безбедно, пондерираната средна големина е 3,92, што во распон на сведување на оценките од 1 до 5 има особено високо значење.

## ИНДЕКС НА ЕКОЛОШКА БЕЗБЕДНОСТ

Еколошката безбедност е јавна безбедност од еколошките опасности предизвикани од природни или човечки процеси поради незнаење, несреќа, малверзации со потекло во или преку националните граници. Менаџирањето на еколошките ризици има за цел: да се обезбеди личната безбедност, да се намалат загубите во однос на објектите и услугите, да се намали небрежноста, да се намали јавниот ризик („Безбедноста, еколошката безбедност и предизвиците на Република Македонија" Факултет за безбедност – Скопје, 2010 г.)

Денес природните закани со сериозни размери покажаа дека тој сегмент на управување со кризи е потребно да биде дополнет со екипирање и модернизирање. Воед-

но, системот на превенција треба да се усоврши. Во сите набројани ситуации е наведена  и поддршката од Армијата и координацијата мора да се зголеми, пред сѐ, меѓу АРМ и МВР. Управувачкиот комитет на ЦУК не е доста ефикасен и генерално целиот систем е маргинализиран.

Според изнесените ставови на лицата кои беа дел од истражувањето и индексот за еколошката безбедност од 3,15, може да се констатира дека нивото на еколошка заштита во Република Македонија е едно од најлошите. Таа може да се обезбеди со висок економски развој и ние тоа го немаме, бидејќи не се одвојуваат средства од Буџетот. Во блиска иднина Република Македонија нема најава дека ќе  вложи средства  во еколошка заштита и свеста  за овие закани и нивото на смртност од некои болести кои произлегуваат од загаденоста не е вградена кај политичката елита. Ако имаме политички проблем тој се гледа и ќе се настојува да се реши, а еколошките проблеми во малите држави како Република Македонија не се таргетираат како проблем во текот на целата година. Значи, не постои свест дека Република Македонија е доста загадена држава. Кога се зборува за екологија секогаш има две јавности во земјата. Едната од нив е експертската јавност која алармира, и, од друга страна,  политичарите кои ги минимизираат еколошките проблеми во текот на годината. Ние како држава, исто така, сме далеку од дебатите за еколошка безбедност, бидејќи сѐ уште се занимаваме со традиционалните груби форми на безбедност, дали може да има терористички акт, етнички судир итн.

## ИНДЕКС НА ЛИЧНА БЕЗБЕДНОСТ

Индексот на лична безбедност е конструиран како синтетички показател од 11 ајтеми со различни мерни скали, што во основа создаваше дополнителни тешкотии во изна-

оѓањето постапка за нивно воедначување и конструирање мерен опсег од 1 до 5. Сегашното искуство укажува дека во натамошните истражувачки зафати соодветно внимание треба да им се посвети на конструирањето мерни скали и на начинот на евалуација на истите. Индексот на личната безбедност во себе ги содржи оценките за чувството на безбедност, загрозеност, владеењето на правото, за степенот на довербата во институциите и извршувањето на заштитната функција и за подрачјата во кои тие се најбезбедни и непречено ги остваруваат сопствените функции.

Индексот на лична безбедност, односно автоперцепцијата за сопствената безбедност има вредност од 2,86 и распон на вредностите кои, како поради претходно спомenатите тешкотии, така и како резултанта на концепираниот инструмент обезбедуваат таков опсег и квалитет на оценката. Неопходно е во натамошната изградба на инструментариумот за мерењето на личната безбедност да се конструираат и други инстументи и скали за самопроцена.

## ИНДЕКС НА ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ

Добро да се управува со едно општество, на локално или национално ниво, е траен и транспарентен процес во кој одлуките се донесуваат преку интеракција на јавните и приватните институции, овозможувајќи им можност на субјектите, со почитување на меѓусебните разлики, да ги идентификуваат и да ги формулираат своите интереси на најдобар можен начин. Добро владеење е поим за процесот на донесување и воспоставување, поточно имплементирање одлуки. Тој се однесува на најдобриот можен процес на нивното донесување. „Доброто управување" претставува споделување на овластувањето за донесување одлуки, така што моќта и ресурсите нема да бидат акумулирани во рацете на поединец или група. Во јавниот сектор, доброто

управување се базира на систем на проверки и баланси меѓу различните гранки на власта (законодавната, извршната, судската). Се смета дека тоа вклучува и процес на редовна консултација меѓу владините органи и општата јавност, така што властите одговараат пред граѓаните за нивната доверба и гарантираат дека им служат на нивните интереси. Управувањето е концепт кој главно се однесува на начинот на кој се добива, се пренесува и се практикува моќта за донесување одлуки во рамките на едно општество или организација.

Доброто владеење, меѓу другото, подразбира отчетност и транспарентност на властите на централно и на локално ниво. Исто така, подразбира дека институциите се правични и ефективни, но и дека ги вклучуваат граѓаните во процесот на донесување одлуки. Накратко, доколку граѓаните имаат доверба во државните институции, доколку сметаат дека буџетските средства се трошат на соодветен начин, дека со јавните добра се управува во корист на граѓаните, дека нивната сигурност и приватност се обезбедени, дека се вклучени во процесите на донесување одлуки, тогаш токму тоа го подразбира доброто владеење, а тоа води кон посилна демократија и кон подобар квалитет на живеење.

Индексот на доброто владеење е граден врз основа на оценките на испитаниците за функционирањето и довербата во институциите на земјата. Тој е композитен показател кој во себе обединува оценки на институциите (оценувани од 1 до 5), во распон од 2,39 до 3,25, што заедно се обединува во вредноста 2,79. Ваквиот нумерички израз покажува дека довербата на испитаниците во институциите е речиси добра. Причините за ваквите оценки се бројни, но во основа би можеле да се бараат во долгогодишната институционална криза во Република Македонија, во свеста и сознанието дека институциите во определена мера се

партизирани и дека немаат доволен капацитет да ги остваруваат функциите, дека институциите се заплиснати со корупција и корупциски скандали, дека е „заробена држава" во која не владее правото и дека правдата и правичноста се заборавени содржини. Во неа, јавноста, отчетноста и прозрачноста (транспарентноста) на процесите на донесување на одлуките, но и одговорноста се мислена именка. На тоа погодуваа и определени неснаоѓања на новите кадровски решенија по локалните избори, како и начинот на извршувањето на функциите на определен број носители на јавни и одговорни функции, поврзани со користењето на „привилегиите" со патувања или начинот на објавување поезија на млади поети. Таквиот општествен амбиент несомнено е еден од индикаторите за релативно понискиот степен на оценка.

## ИНДЕКС НА СОЦИЕТАЛНА БЕЗБЕДНОСТ

Проблемот со Република Грција за меѓународната употреба на уставното име на Република Македонија влијае врз идентитетската безбедност, но не може, исто така, да ја дестабилизира државата, туку само по една индиректна оска може да ги заостри односите меѓу Македонците и Албанците, бидејќи вторите сакаат безусловно и побрзо да одат кон ЕУ и НАТО, а Македонците не сакаат по која било цена да ги продолжат интеграциите. Токму ова идентитетско прашање влијае врз степенот на индексот на социеталната безбедност, кој изнесува 2,72.

Социеталната безбедност е загрозена во оној миг кога заедницата ја гледа заканата како закана по нејзиниот идентитет. Идентитетот претставува сет на идеи и практики преку кои одредена индивидуа се идентификува со соодветна социјална група во општеството. Нацијата е апстрактна имагинарна заедница, а националниот иден-

титет е најзначајната референца (упатувачки објект) на социјалната безбедност.

Следствено на тоа, социеталната безбедност е загрозена кога некоја од постоечките заедници во општеството идентификува закана по нејзината егзистенција. Поврзаноста на прашањето за идентитетот и за безбедноста на нацијата не е новина, ниту, пак, е единствена македонска специфика.

Констатација од истражувањето е дека Рамковниот договор затвори еден конфликт кој можеше да прерасне во голема војна со тешки последици. Решенијата од Договорот придонесоа кон зближување на различните заедници. За да се оствари тоа, секоја политичка партија преку своите програми треба да ги поттикне интегративните процеси во земјата. Рамковниот договор беше замислен како одлична рамка за решавање на меѓуетнички проблеми и тензии. По промената на Уставот, дел од граѓаните сметаат дека  сме дефинирани како двонационална држава.

Индексот за социеталната безбедност изнесува 2,72, кој е  исклучително низок во однос на сите останати и ја отвора дилемата колку луѓето од двете страни можат искрено да живеат во една таква заедница и како може да опстанат. Ако нема доверба меѓу ентитетите меѓусебно и принцип на земање и давање, секогаш ќе има проблематично прашање кое може да се надвиснува над безбедноста на земјата.

